# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА
# I КВАРТАЛ, 2014 ГОДИНА

Мај 2014 година

## *Царинска регулатива*

Во јануари 2014 година, донесена е **Уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија** („Сл.весник на РМ" бр. 2/14*)*. Со донесувањето на уредбата, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од уредбата.

Владата на Република Македонија во јануари 2014 година ги објави **Листите на стоки во рамки на квоти согласно Договорот за пристапување на Република Македонија во СТО[1], согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европска унија и Договорите за слободна трговија со Турција, Украина, Молдова и ЕФТА државите** („Службен весник на РМ" бр. 1/14). Во овие листи, измена е тоа што во листите со Европска унија се вградени квотите со Хрватска од ЦЕФТА договорот и се отворени нови квоти каде количините се утврдени во зависност од размената на Република Македонија со Хрватска во претходните години.

Во февруари 2014 година Министерот за финансии донесе **Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација** („Сл.весник на РМ" бр. 36/2014). Со новиот предлог Правилник покрај измените во текстот на правилникот и во постојните прилози 1 и 2, се додаваат два нови прилога, Прилог 3 - Упатство за употреба и начин на пополнување на царинска декларација за транзитна постапка изготвена со употреба на техника на електронска обработка на податоци и Прилог 4 - Дополнителни шифри за компјутерскиот царински систем. Со новите прилози 3 и 4 се овозможи започнување со користење на Новиот комјутеризиран транзитен систем (НКТС) почнувајќи од 1 март 2014 година, кој што систем се базира на задолжителна употреба на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитните формалности преку размена на електронски стандардни пораки.

[1] Светска трговска организација

# *Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ*

## *Имплементација на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС)*

Во текот на јануари и февруари 2014 година се финализираа подготвителните активности за започнување со задолжително користење на НКТС системот при спроведување на националната транзитна постапка. Во рамки на овие активности беше финализиран пилот проектот за спроведување на транзитна постапка со користење на НКТС, кој на крајот од февруари ги опфати сите царински испостави во кои се спроведува транзитна постапка. Исто така беа извршени и повеќе обуки на економските оператори и на царинските работници, со цел запознавање на истите со измените во транзитната постапка и обучување за користење на НКТС системот, беа донесени потребните прирачници и упатства за спроведување на транзитната постапка со користење на НКТС и истите се објавија на веб страната на Царинската управа, беше инсталирана најновата верзија на НКТС апликацијата и беше извршено потребното конфигурирање за користење на истата за потребите на националната транзитна постапка..

Почнувајќи од 1 март 2014 година Царинската управа започна да го користи Новиот Комјутеризиран Транзитен Систем (НКТС) при спроведување на транзитната постапка во Република Македонија.

Со започнување на користење на НКТС се овозможи примена на законските одредби согласно кои, поднесувањето на транзитните деклараракции и спроведување на формалностите во транзитната постапка задолжително треба да се спроведува со употреба на техника на електронска обработка на податоци. Во текот на март преку НКТС беа прифатени и обработени вкупно 24.100 транзитни декларации. При започнување на користење на системот не се констатирани посериозни проблеми и застои и немаше потреба за одобрување на примена на резервната постапка, односно спроведување на транзитната постапка со употреба на хартиени документи. Со започнување на користење на НКТС се реализираше и еден од условите за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, што е и основна цел заради која што се имплементира системот, а кое што треба да придонесе до значително поедноставување и забрзување на транзитната постапка и до намалување на трошоците на економските оператори.

## *Пристапување кон интегрираната тарифна околина на ЕУ (ITE[2])*

Во текот на јануари 2014 година, проектниот тим за ITE му потврди на изведувачот дека врз основа на резултатите од корисничкото тестирање (User Acceptance Testing) кое се одвиваше кон крајот на претходната година, ја прифаќа апликацијата, но со конкретни забелешки наведени во Извештајот од тестирањето. Забелешките треба да бидат отстранети од страна на изведувачот во наредната испорака на апликацијата.

Во првиот квартал 2014 година се одржаа состаноци на Управувачкиот комитет на двата проекти. На состанокот на Управувачкиот комитет на Проектот за имплементација на ИТО се измени Планот за имплементација на проектот и т.н. Site Acceptance Testing ќе започне на почетокот на мај 2014 година, што е условено од завршувањето на испораката на потребната опрема. Ова е завршно тестирање со кое

[2] Integrated Tarif Environment

треба да се утврди финалната верзија на апликацијата. На состанокот на Управувачкиот комитет на Проектот за поддршка во управувањето со ИТО, беше побарано да се разгледа можноста од продолжување на договорот со овој проект за уште еден месец односно да се усогласи со времето на завршување на Проектот за имплементација на ИТО (крајот на октомври 2014 година).
Овој период беа одржани пет работилници во Скопје, Гевгелија, Битола, Штип и Куманово на кои царинските службеници од регионалните царинарници се запознаа со начинот на функционирањето на ИТО, неговите составни модули и тековниот статус на проектот.
Во текот на првиот квартал 2014 година, заврши системската инсталација на хардверот, а потоа завршена е и инсталацијата на системскиот и апликативниот софтвер на новата опрема. Истовремено, продолжија активностите за подготовка на референтните табели за т.н. Site Acceptance Testing кое треба да започне во почетокот на мај 2014 година.

## *Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите*

### *Царина 2013 – Програма на Европската комисија*

Програмата на ЦАРИНА 2013 (финансирана од средства на Европската унија и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки. За учество на претставници на Царинската управа на Република Македонија во активностите на програмата заклучно со март 2014 година, од средствата наменети за Програмата ЦАРИНА 2013 за 2013 година, потрошени се околу 30.000 евра.
Во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2013 во текот на првиот квартал 2014 година се одржаа следните активности:
- во организација на Генералниот директорат за царини и даноци на Европската Комисија во Брисел, се одржа **Состанок на координаторите на работни посети во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2013**,
- **Прв состанок на комитетот Царина 2020** во организација на DG TAXUD/EC, кој се одржа во Брисел. Целта на беше усвојување на планот за работа на Програмата Царина 2020,
- **завршен состанок** на групата за управување со обуки и информативна сесија за PICS (Program Information and Collaboration Space),
- **посета на царината на Република Хрватска** со цел за размена на искуства и пракси во спроведувањето на прописите за акцисно работење и
- **посета на царината Република Словенија** со цел размена на искуства во борбата против корупцијата и јакнеењето на интегритетот на царинската служба и тоа пред се во делот на законската регулатива и институционалната рамка.

## *TAIEX*

Во текот на приот квартал 2014 година, преку инструментот за техничка помош и согласно предвидената програма за работа на CEFTA Подкомитетот за царина и правила за потекло беше организирана **Меѓународна работилница за царинска вредност.** Целта на работилницата беше да се презентира правото на Европската унија и да се разменат пракси и искуства за царинска вредност, заради превентивно делување на декларирање на стоки со пониска вредност. Презентери на работилницата беа експерти од DG TAXUD, а учесници беа претставници од сите земји членки на CEFTA (Македонија, Србија, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Молдова и Црна Гора).

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## *Основи*

На крајот на првиот квартал 2014 година во Царинската управа се вработени 1.147 лица. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.023 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 12 лица се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 110 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 19 вработени се магистри, 620 се со високо образование, 19 се со вишо образование, 462 се со средно образование и 27 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 55% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА**

| | Организациона единица | 31.03. 2013 | 31.12. 2013 | 31.01. 2014 | 28.02. 2014 | 31.03. 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на генерален директор | 7 | 12 | 11 | 10 | 10 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 20 | 20 | 19 | 19 | 18 |
| 6 | Сектор за управување со човечки ресурси | 18 | 17 | 20 | 20 | 20 |
| 7 | Сектор за административни и технички | 187 | 177 | 175 | 176 | 177 |
| 8 | Сектор за ИКТ | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 |
| 9 | Сектор за сметководство и финансии | 41 | 39 | 40 | 40 | 40 |
| 10 | Сектор за професионална одговорност | 15 | 17 | 20 | 20 | 19 |
| 11 | Сектор за Царински систем | 41 | 41 | 40 | 39 | 40 |
| 12 | Сектор за контрола и истраги | 102 | 115 | 115 | 115 | 116 |
| 13 | Регионална Царинарница Скопје | 235 | 233 | 224 | 224 | 226 |
| 14 | Регионална Царинарница Битола | 119 | 111 | 116 | 116 | 116 |
| 15 | Регионална Царинарница Гевгелија | 135 | 129 | 129 | 129 | 134 |
| 16 | Регионална Царинарница Куманово | 131 | 126 | 127 | 126 | 125 |
| 17 | Регионална Царинарница Штип | 56 | 53 | 54 | 54 | 55 |
| | **Вкупно** | **1,159** | **1,141** | **1,141** | **1,139** | **1,147** |

## *Вработување*

Во првиот квартал 2014 година, донесена е **Програма за вработување во Царинската управа во 2014 година**. Предвидените вработувања за 2014 година, се за испразнети 16 работни места, поради престанок на работен однос на вработени во Царинската управа и поради исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2014 година.

Воедно, донесено е **Упатство за мерење на успешност на началникот на Одделението за прекршочна постапка, претседателот на Комисија за одлучување по прекршок и на советниците**. Предвидените криериуми во ова Упатство, како и покажаните резултати од мерењето на успешноста, ќе бидат во функција на подигање на квалитетот и ефикасноста на извршувањето на работните задачи во одделението.

Во првиот квартал 2014 година вработени се 8 царински службеници по пат на јавен оглас во царинарниците Скопје, Штип и Гевгелија.

## *Обуки и стручно оспособување*

Во текот на првиот квартал 2014 година беа донесени и следните акти:

- Ревидирано **Упатство за практикантска работа во Царинската управа**, со кое се допрецизира и поедностави постапката за извршување на практикантската работа и
- **Упатство за мерење на успешноста на стоковите и граничните царински испостави**. Целта на мерењето на успешноста во работењето на царинските испостави е да се добие реална слика за успешноста, ажурноста, ефективноста и ефикасноста на работата на царинските испостави. Со овие постапки ќе се зголеми транспарентноста во работењето на Царинската управа, ќе се мотивираат царинските службеници за поефикасно и поквалитетно извршување на работните задачи и ќе се зајакне интегритетот во спроведување на надлежностите од патнички и стоков промет на Царинската управа.

## *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во првиот квартал од 2014 година, се спроведени 73 активности за стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно 867 учесници[3]. Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од **5,9** часа (5 часа и 54 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, споредени со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просек од 1,6 часа (1 час и 36 минути), односно за првиот квартал 2014 година обезбедена е обука за секој вработен во вкупно времетраење од **4,8** часа (4 часа и 48 минути).
За првиот квартал од 2014 година реализацијата на Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници е следна:
- за делот Обуки за основни царински надлежности, реализирани се 11 активности во вид на обуки, семинари, презентации или студиски посети,
- за делот Обуки за специјализирани надлежности, од планираните 7 реализирани се 4 (57% реализација). За овој дел од планот одржани се вкупно 33 активности во вид на обуки, работилници и презентации и
- за делот Обуки за посебни надлежности во соработка со надворешни институции реализирани се 7 обуки за царинските службеници.

Во март 2014 година започнаа обуките за новоработените и унапредени царински службеници. Согласно Програмите за основна обука во периодот од март до мај оваа година ќе бидат обучени 21 царински службеник со високо образование, 2 царински службеници со средно образование и 4 унапредени царински службеници.
Позначајни обуки одржани во првиот квартал од 2014 година се:
- **Обука за НКТС (Нов компјутеризиран транзитен систем),** чија цел беше царинските службеници да се запознаат со функционалностите и начинот на работа со НКТС;
- **Презентација на тема „Технички барања и надзор на пазарот за градежни производи“ (видеоконференција)**, чија цел беше пренесување на стекнатите знаења од присуство на обука за технички барања и надзор на пазар за градежни производи, од аспект на постапување на царинските органи при контрола на овие стоки во царинските постапки;

[3] Од 1.147 вработени 566 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки.

- **Обука за Трансферни цени** во организација и соработка со Даночната академија на Управата за јавни приходи. Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со основните прашања, евалуација и концепти на трансферни цени; традиционални методи на утврдување на трансферни цени и политика за формирање на трансферни цени во Македонија;
- **Десетти курс на Колеџот за граничен менаџмент на ОБСЕ** организиран од Канцеларијата на OSCE во Таџикистан и Директоратот за политичко безбедносна соработка и мултилатерални односи при Министерството за надворешни работи, во Душанбе, Таџикистан. Целта на курсот беше да ја промовира и олесни размената на информации, научените лекции, идентификација и развој на граничната безбедност и раководење според најдобрите искуства, и во исто време да ја промовира меѓуинституционалната соработка на билатерално и регионално ниво, но и на пошироко ниво на OSCE;
- **Студиска посета во рамки на проектот - Имплементирање на ИТО** во организација на FAA Holding. Целта на студиската посета беше презентација на хрватскиот интегриран тарифен систем – ТАРИК по влезот на Хрватска во ЕУ.
- **Обука за користење на меѓународни и поединечни транспортни дозволи** во соработка со Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на превозните трговски друштва на Република Македонија „МАКАМ ТРАНС“, чија цел беше учесниците да се стекнат со знаења и вештини за препознавање и откривање на фалсификувани меѓународни транспортни дозволи;
- **Работилница за размена на искуства од областа на потекло на стоки,** чија цел беше да се разменат искуства од областа на потекло на стоки од повеќе аспекти на работењето и сознанијата кои ги имаат Секторот за царински систем, Секторот за професионална одговорност, Секторот за контрола и истраги и Одделението за управна постапка и застапување пред судови со праксата која ја имаат царинските службеници при прием на документи и преглед на стока во своето редовно работење;
- **Обука за попречување оружје за масовно уништување** во организација на Програмата EXBS при Амбасада на САД, со цел учесниците да се запознаат со техниките за анализа на однесувањето, управувањето со ризик, анализа на документи, техники на интервјуирање, вештини на забележување, радијациона сигурност, методи на прикривање, техники за вршење преглед/претрес и користење на донираната опрема од Програмата EXBS. Вториот дел од оваа обука беше дизајниран како обука на обучувачи кои стекнатите знаења и вештини потребно е да ги пренесат на останатите вработени.

## *Интегритет*

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | Q1 | Вкупно 2013 | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јануари | Февруари | Март | Вкупно |
| Централна управа | 13 | 56 | 3 | 5 | 1 | 9 |
| Царинарница Скопје | 9 | 26 | 4 | 7 | 5 | 16 |
| Царинарница Куманово | 3 | 15 | 2 | 3 | 3 | 8 |
| Царинарница Штип | 2 | 5 | 2 | | | 2 |
| Царинарница Гевгелија | 1 | 14 | 1 | | 2 | 3 |
| Царинарница Битола | 1 | 8 | 1 | | 2 | 3 |
| **Вкупно** | **29** | **124** | **13** | **15** | **13** | **41** |

**Во првиот квартал од 2014 година се спроведени вкупно 41 внатрешна истрага** врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 (во кои се содржани наводи за

непрофесионално однесување на царински службеници), како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. **Додека пак во истиот период 2013 година беа спроведени 29 внатрешни истраги.**

Во врска со **постапувањето** на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, во првиот квартал од 2014 година се **спроведени 23 внатрешни инспекции за разлика од истиот период лани кога се извршени 15**.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | Q1 | Вкупно 2013 | 2014 Јануари | 2014 Февруари | 2014 Март | 2014 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Централна управа | 5 | 35 | 1 | 1 | | 2 |
| Царинарница Скопје | 10 | 21 | 3 | 3 | 4 | 10 |
| Царинарница Куманово | 0 | 7 | | | | |
| Царинарница Штип | 0 | 5 | | | 3 | 3 |
| Царинарница Гевгелија | 0 | 6 | 2 | | 2 | 4 |
| Царинарница Битола | 0 | 2 | 1 | 3 | | 4 |
| **Вкупно** | **15** | **76** | **7** | **7** | **9** | **23** |

За истиот период во 2014 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа **примени 22 поплаки**. Од вкупно поднесените поплаки, во 8 случаи се изготвени извештаи од извршена внатрешна истрага. Во 2 извештаи е констатирано дека поплаките се основани и истите се проследени до Секторот за управување со човечки ресурси за понатамошно постапување. Во истиот период, по однос на 6 поднесени поплаки завршено е прибирањето на потребните податоци, утврдена е фактичката состојба и во тек е изготвувањето на извештаите, а по однос на 8 поднесени поплаки во тек е утврдување на фактичката состојба. Во поплаките странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во периодот јануари - март 2014 година од страна на царинските службеници се поднесени 22 анкетни листови, 14 изјави за промена на имотната состојба и 13 изјави за судир на интереси додека за истиот период минатата година се поднесени 40 анкетни листови, 21 изјава за промена на имотната состојба и 6 изјави за судир на интереси.

Во првиот квартал 2014 година донесени се 179 решенија со кои се **изречени дициплински и други мерки**.

Имено, донесено е **едно решение за откажување на договор за вработување**, **62 решенија за изречена парична казна, 102 решенија за изречена писмена опомена.**

**ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ**

| Видови на мерки | 2013 Q1 | 2013 Вкупно | 2014 Јануари | 2014 Февруари | 2014 Март | 2014 Q1 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Опомени | / | 27 | 4 | 94 | 4 | 102 |
| Намалување на платата | 16 | 60 | / | 4 | 3 | 7 |
| Парична казна | 4 | 30 | 25 | 28 | 9 | 62 |
| Раскинување на работен однос | 7 | 15 | 1 | / | | 1 |
| Кривична пријава-вработени | / | 2 | / | / | | |
| Отстранување од работно место | 1 | 1 | | | 7 | 7 |
| **Вкупно** | **28** | **108** | **30** | **126** | **23** | **179** |

Во овој период изречени се **7 решенија за отстранување од работното** место поради злосторничко здружување и кривичните дела Криумчарење и фалсификување службена исправа.

Во овој период изречени се **7 решенија за намалување на платата за 15% од еден месец**.
Освен изрекувањето на дисциплинските и други мерки во март 2014 година донесени се **19 решенија со кои постапката се запира, поради тоа што не е утврдена одговорност** за кршење на работниот ред и дисциплина и едно решение за запирање на постапката за утврдување на одговорност, поради застареност за донесување на одлука, иако е утврдена одговорност.

## *Внатрешна ревизија*

Во периодот јануари - март 2014 година, извршени се вкупно **5 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 18 наоди и дадени се вкупно 17 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.

## *Наградување и унапредување*

Во првиот квартал 2014 година во Царинската управа извршени се вкупно 13 унапредувања.
Во Централна управа се унапредени 3 царински службеници: еден царински службеник на работно место самостоен советник за материјално работење и 2 царински службеници на работно место оператор за материјално работење.
Во овој период, во царинаринците се унапредени 10 царински службеници: еден царински службеник на работно место виш цариник контролор, еден царински службеници на работно место шеф на царинска испостава, еден царински службеник на работно место водител на отсек, 6 царински службеници на работно место виш цариник водач на смена и еден царински службеник на работно место шеф на служба за надзор на иматели на одобренија.

# НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

## *Основи*

Во текот на првиот квартал **Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи (КУЖЦА)**, одржа неколку состаноци. Како главни теми за дискусија на состаноците беа поднесените предлог проектни документи (ППД), извештајот за користење на апликациите и промени на функционалните проект менаџери и лицата за техничка поддршка на апликациите.
Врз основа на поднесените и прифатени предлог проектни документи, во текот на овој квартал се започнаа активностите за реализација на следниве проекти:

- Апликација за управување со задачи;
- Апликација за проверка на излез на стоки од царинско подрачје на Република Македонија;
- Апликација за увид во податоците од увозни и извозни декларации на имателите на одобренија со постапки со економски ефект;
- Унапредување на EXIM системот со нови функционалности кои пред се, се однесуваат на размената на податоци помеѓу EXIM од една страна и Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи и Интегрираната тарифна околина.

На состаноците одржани во овој квартал се дискутираше и за степенот на имплементација на останатите ИТ проекти кои се реализираат во Царинската управа, односно Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) и Интегрираната тарифна околина (ИТО). Во текот на овој квартал се одржа и обука за функционалните проектни менаџери предвидена со акциониот план на Секторот за ИКТ.

## *Административни постапки*

Во текот на првиот квартал 2014 година остварени се **70.748 пристапи и креирани се 20.131 предмети,** притоа се **регистрирани 1.141 корисник**.

| **КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **2013** | | **2014** | | | |
| | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Вкупно |
| Корисници | 1,150 | 1,139 | 1,139 | 1,138 | 1,141 | 1,141 |
| Пристапи | 74,851 | 281,585 | 27,226 | 25,313 | 18,209 | 70,748 |
| Отворени предмети | 16,756 | 74,872 | 6,954 | 6,560 | 6,617 | 20,131 |

Во текот на првиот квартал 2014 година, најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (9.483 од кои затворени се 6.700), прекршочни и мандатни постапки (631 од кои затворени се 243) и акцизни постапки (422 од кои затворени се 92).
Во текот на првиот квартал 2014 година, најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 12,3 илјади), Царинарница Гевгелија (над 6,1 илјади) и Сектор за царински систем (над 5,8 илјади).

## *Безбедност и комуникација*

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на

седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се вклучени 200 корисници од органите на државната управа, кои во текот на првиот квартал 2014 реализираа 626 повици, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот првиот квартал 2014 остварија 140 видеоконференциски повици.

## *ИКТ поддршка*

Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во првиот квартал 2014 година одобрени и донесени се:

- **Корисничко упатство за апликацијата за следење на процесот на складирање на репроматеријали, печатење и испорака на контролни марки за одбележување на контролните марки за одбележување на тутунски и алкохолни производи**. Со ова Упатство се уредува начинот на користење на апликацијата за следење на процесот на складирање на репроматеријал, печатење и испорака на контролните марки за одбележување на тутунски и алкохолни производи,
- **Корисничко упатство за управување со акцизните марки системот ЛУКА**. Ова Упатство има за цел да го следи процесот на евиденција на количини на контролни марки, управување со Барањето за издавање на акцизни марки и Решението за задолжување со контролни марки. Упатството го опфаќа делот за управување со наплатата на акцизата, административни и други давачки (при работење со акцизни марки),
- **Корисничко упатство за електронска евиденција на решенија за задолжување со контролни марки**, со ова Упатство се уредува начинот на електронска евиденција на решенијата за задолжување со контролни марки во Царинската управа,
- **Корисничко упатство за база на слики,** со кое се уредува начинот на електронска евиденција во модулот "база на слики" во Царинската управа, како и надлежноста и одговорноста на царинските службеници за работа со овој модул во рамки на системот СИМ,
- **Кориснички упатства за НКТС оператори, НКТС - Појдовна испостава и НКТС - Одредишна испостава**. Со овие упатства се уредува начинот на користење на НКТС системот кој претставува веб базирано решение за поднесување на електронска транзитна декларација од страна на економските оператори, обработка на декларацијата од страна на царинските службеници и размена на пораки помеѓу економските оператори и царинските службеници,
- **Упатство за начинот и условите за пристап во информатичко комуникацискиот систем на Царинската управа**, кое има за цел да обезбеди сигурност на системите на Царинската управа, точност и доверливост на податоците. Со ова Упатство се утврдени корисничките пристапи и нивоа на привилегии и се уредени начинот, постапката, надлежностите и одговорностите за нивно одобрување, отворање и затворање,
- **Корисничко упатство за база на слики**, со кое се уредува начинот на електронска евиденција во модулот, база на слики, ја уредува надлежноста и

одговорноста на царинските службеници за работа со овој модул во рамки на системот СИМ.

Во текот на првиот квартал 2014 година во Царинската управа беа во функција 45 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во првиот квартал 2014 година изнесуваше 99,68%. Во овој период, континуирано зголемување на бројот на корисниците и искористеноста – предмети и пристапи, има кај апликациите што се користат од страна на економските оператори како што се ASYCUDA, EXIM, Систем за постапки со економски ефект и Порталот за електронска комуникација.
Од почетокот на оваа година успешно е ставен во функција **Системот за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за одбележување**.

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ**

| | Назив на апликацијата | 2013 | | | | 2013 | | | | 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Q1 | | Вкупно | | I | | II | | I | | II | | III | | Вкупно |
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински | 2,192 | 600,531 | 2,753 | 2,488,541 | 2,156 | 198,763 | 2,177 | 201,234 | 2,325 | 200,512 | 2,358 | 214,256 | 2,403 | 215,658 | 630,426 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3,842 | 17,060 | 4,563 | 73,921 | 3,660 | 5,351 | 3,734 | 5,645 | 4,613 | 5,194 | 4,671 | 6,008 | 4,750 | 7,191 | 18,393 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3,842 | 900 | 4,563 | 3,903 | 3,660 | 495 | 3,734 | 216 | 4,613 | 800 | 4,671 | 405 | 4,750 | 337 | 1,542 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транзитни дозволи | 662 | 14,750 | 686 | 70,160 | 657 | 8,415 | 663 | 2,758 | 691 | 3,750 | 698 | 3,192 | 696 | 4,116 | 11,058 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со | 1,150 | 74,851 | 1,139 | 281,585 | 1,161 | 25,372 | 1,160 | 24,356 | 1,139 | 27,226 | 1,138 | 25,313 | 1,141 | 18,209 | 70,748 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 362 | 4,203 | 395 | 22,839 | 352 | 1,302 | 355 | 1,221 | 395 | 2,620 | 401 | 2,146 | 404 | 2,381 | 7,147 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 117 | 17,055 | 126 | 70,637 | 115 | 6,042 | 116 | 6,078 | 130 | 5,399 | 113 | 8,000 | 112 | 5,730 | 19,129 |
| 8 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 11 | 22 | 192 | 22 | 5 | 22 | 4 | 22 | 100 | 22 | 18 | 22 | 1 | 119 |
| 9 | Национална база за царинска вредност | 1,150 | 206 | 1,139 | 987 | 1,161 | 75 | 1,160 | 79 | 1,139 | 72 | 1,138 | 73 | 1,141 | 82 | 227 |
| 10 | Царински форум | 1,150 | 72 | 1,139 | 367 | 1,161 | 23 | 1,160 | 28 | 1,139 | 24 | 1,138 | 31 | 1,141 | 33 | 88 |
| 11 | Разузнавачка база на податоци | 37 | 88 | 37 | 610 | 37 | 28 | 37 | 60 | 37 | 30 | 37 | 72 | 37 | 80 | 182 |
| 12 | Разузнавачка база за евидентирање на предмети | 10 | 278 | 10 | 992 | 10 | 104 | 10 | 82 | 10 | 85 | 10 | 123 | 10 | 90 | 298 |
| 13 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 1 | 12 | 7 | 11 | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 | 11 | 1 | 11 | 0 | 2 |
| 14 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 329,027 | 30 | 1,811,984 | 30 | 130,651 | 30 | 83,006 | 30 | 132,425 | 30 | 132,425 | 30 | 154,616 | 419,466 |
| 15 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 86 | 8 | 9 | 8 | 9 | 8 | 5 | 8 | 8 | 8 | 9 | 22 |
| 16 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 121 | 11 | 607 | 11 | 54 | 11 | 45 | 11 | 40 | 11 | 44 | 11 | 53 | 137 |
| 17 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 20 | 220 | 51 | 456 | 19 | 102 | 19 | 112 | 51 | 5 | 51 | 8 | 54 | 37 | 50 |
| 18 | Девизни контролници | 437 | 125 | 477 | 828 | 432 | 43 | 433 | 40 | 479 | 53 | 481 | 28 | 484 | 42 | 123 |
| 19 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 203 | 288 | 202 | 1,220 | 204 | 76 | 203 | 115 | 201 | 60 | 202 | 120 | 201 | 117 | 297 |
| 20 | Систем за наплата | 696 | 60,802 | 701 | 250,062 | 703 | 19,876 | 698 | 21,003 | 682 | 15,831 | 681 | 17,868 | 682 | 21,161 | 54,860 |
| 21 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 228 | 3,153 | 266 | 23,745 | 203 | 722 | 221 | 41 | 283 | 3,954 | 468 | 5,264 | 459 | 4,676 | 13,894 |
| 22 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 76 | 36 | 415 | 36 | 27 | 36 | 19 | 36 | 22 | 36 | 51 | 36 | 29 | 102 |
| 23 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 532 | 12 | 2,225 | 12 | 112 | 12 | 163 | 12 | 95 | 12 | 145 | 12 | 183 | 423 |
| 24 | Евиденција за прием на странки | 18 | 386 | 18 | 1,348 | 12 | 123 | 12 | 132 | 12 | 113 | 18 | 128 | 18 | 16 | 257 |
| 25 | Хелп деск | 5 | 962 | 5 | 4,432 | 5 | 301 | 5 | 321 | 5 | 270 | 5 | 301 | 5 | 197 | 768 |
| 26 | Евиденција на работно време | 1,150 | 187,009 | 1,139 | 731,663 | 1,161 | 63,705 | 1,160 | 63,709 | 1,139 | 48,712 | 1,138 | 55,568 | 1,141 | 54,641 | 158,921 |
| 27 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 927 | 82 | 983 | 560 | 932 | 24 | 935 | 30 | 981 | 41 | 981 | 89 | 971 | 138 | 268 |
| 28 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 467 | 12 | 1,791 | 12 | 200 | 12 | 105 | 12 | 116 | 12 | 111 | 12 | 102 | 329 |
| 29 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 129 | 42,795 | 158 | 261,895 | 129 | 13,462 | 129 | 14,563 | 167 | 26,068 | 173 | 33,385 | 174 | 15,829 | 75,282 |
| 30 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 681 | 12,259 | 782 | 52,295 | 670 | 4,400 | 673 | 4,154 | 795 | 6,735 | 795 | 7,375 | 809 | 7,205 | 21,315 |
| 31 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 937 | 157,980 | 983 | 663,249 | 932 | 53,235 | 935 | 54,236 | 981 | 54,214 | 981 | 55,654 | 971 | 51,296 | 161,164 |
| 32 | Систем за таргетирање на различни профили и стоп | 937 | 581 | 983 | 2,137 | 932 | 145 | 935 | 178 | 981 | 51 | 981 | 61 | 971 | 128 | 240 |
| 33 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за одбележување | / | / | / | / | / | / | / | / | 45 | 207 | 60 | 99 | 67 | 96 | 402 |

Во рамките на првиот квартал, бројот на инциденти што се јавиле кај апликациите е намален во споредба со истиот период лани, што е резултат на замените на старата хардверска опрема со нова.

# *Поедноставување на царинските и акцизните постапки*

### *Работна група за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија" согласно Doing Business од Светска банка*

Работната група од Царинската управа за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија" согласно Doing Business од Светска банка, во текот на јануари 2014 година, оствари контакти со Светска Банка со цел да побара совети, насоки и помош во дизајнирањето и спроведувањето на мерките за подобрување на рангот на Република Македонија во извештајот Doing Business 2015.

Врз основа на заклучокот од 186-тата седница на Владата на Република Македонија, во текот на февруари 2014 година претставници од Царинска управа на Република Македонија, оствариja средба во Царинската администрација на Република Австрија, со цел да се видат најдобрите практики кои ги користи Република Австрија, како најдобро рангирана од европските земји кои се без излез на море во извештајот Doing Business 2014 кај индикаторот „Прекугранично тргување". Врз основа на стекнатите искуства, Царинска управа предложи нови мерки во делот на: намалување на потребни документи за увоз и извоз, времетраење на постапката, анализа на ризик, организациона поставеност, анализа на успешност и промоција на поедноставени постапки.

Во март 2014 година, Царинска управа ја информираше Владата на Република Македонија за тековниот статус на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM), Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), Интегрираната тарифна околина (ИТО) и Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС). Со целосната имплементација на овие системи се очекува подобрување на рангот на Република Македонија во наредниот Doing Business извештај на Светска Банка.

# *Услови за спроведување на царинските постапки*

# *Е _ Царина*

Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на првиот квартал 2014 година, продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[4]

[4] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ,

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Во првиот квартал 2014 година членовите на работните групи продолжија со редовните состаноци со претставници на изведувачот, кои ги опфатија модулите на системот од третата испорака. Реализирано е предвиденото тестирање на испораката 2 од системот и сублимирани се резултатите. Изведувачот достави нови и корегирани верзии на документите кои ги опфаќаат бизнис и функционалните спецификации на модулите за акцизи, лабораторија и интелектуална сопственост, порталот за трговци. Координаторите на групите, по извршената проверка на доставените спецификации испратија коментари и забелешки до експертите на изведувачот. Изведувачот, поради различни причини кои се разгледувани на повеќе состаноци помеѓу проект менаџерите, доцни со испорака на системските модули. Што се однесува на модулите од првата и втората испорака, истите се испорачани неколку месеци подоцна од предвидениот рок во проектниот план. Ваквите доцнења допринесоа до одложување на рокот за конечна имплементација на системот за околу шест месеци. Во изминатиот период не се забележани прекини или проблеми кои се однесуваат на функционирање на модулите во системот

### *EXIM*

Во првиот квартал на 2014 година продолжија активностите за унапредување на EXIM[5], при што од 1 март 2014 година Министерството за животна средина и просторно планирање, преку EXIM, започна да издава нова дозвола Е025 – Дозвола за извоз на нова и употребувана техничка стока со разладни средства, со што бројот на дозволи за кои корисниците на системот можат да аплицираат е зголемен на 60.
На крајот од првиот квартал од 2014 година, во EXIM беа **регистирани 4.750 економски оператори** – корисници на системот, кои преку кои преку 11[6] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за 60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти. Во текот на првиот квартал од 2014 година, преку EXIM се **издадени 18.393 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на првиот квартал 2014 година изнесуваше околу 3,4 часа**.

---

управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[5] Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти - EXIM е достапен на Web страницата на Царинската управа од ноември 2008 година и оттогаш наваму масовно се користи од економските оператори (работата на EXIM е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа, како и со Уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија).

[6] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM**

| Опис | 2013 | | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Вкупно | I | II | III | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 62 | 59 | 59 | 59 | 60 | 60 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 3,847 | 4,563 | 4,613 | 4,671 | 4,750 | 4,750 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 17,630 | 74,491 | 5,194 | 6,008 | 7,191 | 18,393 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 927 | 3,930 | 800 | 405 | 337 | 1,542 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 2,4 часа | 2.4 часа | 2,5 часа | 5, 4 часа | 2,5 часа | 3,4 часа |

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (6,6 илјади), ветеринарни документи (3,2 илјади), потврди за органолептички преглед (3 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (2 илјади) и лекови и медицински помагала (1,9 илјади).

**БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM**

| Име на дозволата | 2013 | | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Вкупно | I | II | III | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 41 | 175 | 7 | 8 | 24 | 39 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 122 | 551 | 42 | 36 | 38 | 116 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 115 | 556 | 41 | 38 | 41 | 120 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 2,891 | 12,697 | 904 | 885 | 1,146 | 2,935 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 6,157 | 28,031 | 1,787 | 2,153 | 2,647 | 6,587 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 24 | 124 | 8 | 7 | 9 | 24 |
| Дозвола  за извоз на прекурзори | 29 | 168 | 14 | 21 | 15 | 50 |
| Дозвола за извоз на опојни droги и психотропни супстанции | 120 | 498 | 37 | 48 | 52 | 137 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 64 | 255 | 28 | 17 | 23 | 68 |
| Одобрение за увоз на лекови | 895 | 3,497 | 263 | 293 | 305 | 861 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 1,035 | 4,238 | 340 | 352 | 459 | 1,151 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 353 | 1,298 | 87 | 95 | 118 | 300 |
| Дозвола за увоз на опојни droги и психотропни супстанции | 44 | 152 | 11 | 10 | 13 | 34 |
| Дозвола  за транспорт/транзит на опасни материи | 293 | 1,155 | 91 | 87 | 109 | 287 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 1,884 | 8,654 | 528 | 716 | 797 | 2,041 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 2,919 | 9,678 | 846 | 1,080 | 1,149 | 3,075 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата* | 100 | 187 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени  културни добра | 127 | 517 | 19 | 33 | 40 | 92 |
| Други дозволи | 417 | 2,060 | 141 | 129 | 206 | 476 |
| **Вкупно:** | **17,630** | **74,491** | **5,194** | **6,008** | **7,191** | **18,393** |

Одобрението за увоз на производи за заштита на растенија е укинато во јули 2013 година

### *Електронско управување со царински постапки со економски ефект - E_Lohn*

Системот E_Lohn овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект и следење на раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување, преку размена на електронски пораки помеѓу имателите на одобренија и надзорниот царински орган. Со овој систем се овозможуваат следните придобивки за економските оператори: поднесување на документите во електронска форма, со што се остварува максимална заштеда во време и средства; автоматизирана контрола и проверка на поднесените документи; забрзување на постапката за обработка на поднесени документи; целосна

транспарентност на постапката бидејќи во секој момент се има увид во која фаза е документот и автоматска споредба на податоците од поднесените документи со податоците во системот за обработка на царински декларации.

Во првиот квартал од 2014 година, користењето на системот продолжи да се интензивира. Моментално во системот се регистрирани **459 корисници** од кои **162 внатрешни** и **297 надворешни корисници**, бројот на обработени барања е многукратно зголемен, како и бројот на разменети пораки. Бројот на разменети пораки во првиот квартал од 2014 година бил просечно 3.890 месечно, додека во март 2014 година е 3.894. Причината за вакво зголемување е тоа што започнувајќи од 01.01.2014 година системот е задолжителен за користење при поднесување на извештаите за раздолжување.

### *Портал за електронска комуникација (ПЕК)*

На крајот на првиот квартал 2014 година во ПЕК беа **регистрирани 404 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК до Царинската управа доставија 7.147 барања, од кои 1.395 беа **одобрени**. Најголем дел од одобрените барања се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки 308, по што следат одобрени барања за поедноставена постапка при увоз 142 и одобрени барања за продолжување на рок 83.

## *Обем на извршени работи*

### *Царински и акцизни одобренија и лиценци*[7]

#### Застапување во царински постапки

На крајот првиот квартал 2014 година, вкупно 334 компании имаа одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки. На крајот на првиот квартал 2014 година бројот на физички лица - иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки, изнесуваше вкупно 1.149.

#### Царински постапки со економски ефект

Најзастапен вид царинска постапка со економски ефект е увозот за облагородување, по што следи царинско складирање и извозот за облагородување. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата.

На крајот на првиот квартал 2014 година, 177 трговски друштва се иматели на одобренија за увоз за облагородување и 14 трговски друштва поседуваат одобренија за извоз за облагородување. Истовремено, 77 трговски друштва поседуваат одобренија за царинско складирање.

[7] Податоците во табелата „Состојба на царински акцизни одобренија“се однесуваат на важечки одобрени на крајот на периодот, освен „Одобренија за еднократна употреба“ кои претставуваат вкупно издадени одобренија во периодот (година, квартал или месец).

## Поедноставени царински постапки

На крајот на првиот квартал 2014 година, активни се 270 одобренија за поедноставени постапки од кои 69 одобренија за локално царинење при увоз, 90 одобренија за локално царинење при извоз, 78 одобренија за овластен примач во транзит, 31 одобрение за овластен испраќач и 2 одобренија за поедноставено декларирање.

| СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на одобрение | 2014 | | | |
| | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| **Одобрение за царинско застапување** | **331** | **331** | **334** | **334** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **1,149** | **1,149** | **1,149** | **1,149** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **573** | **594** | **741** | **741** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 175 | 176 | 177 | 177 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 14 | 14 | 14 | 14 |
| Одобрение за царинско складирање | 76 | 76 | 77 | 77 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | 307 | 327 | 472 | 1,106 |
| **Поедноставени царински постапки** | **276** | **274** | **270** | **270** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 72 | 72 | 69 | 69 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 90 | 89 | 90 | 90 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 80 | 79 | 78 | 78 |
| Одобрение за овластен испраќач | 32 | 32 | 31 | 31 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **481** | **482** | **481** | **481** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **97** | **97** | **98** | **98** |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | **141** | **150** | 145 | 145 |
| **Акцизи** | **400** | **396** | **396** | **396** |
| Акцизни дозволи | 81 | 81 | 81 | 81 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 319 | 315 | 315 | 315 |
| **Вкупно** | **3,448** | **3,473** | **3,614** | **3,614** |

## Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)

Заклучно со март 2014 година, важечки се 481 Задолжителната тарифна информација (ЗТИ) која ја издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки.

## Одобрение за одобрен извозник

Заклучно со март 2014 година, бројот на издадени одобренија за одобрен извозник изнесува 98. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото при извоз, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијаното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

### Одобренија за одложено плаќање на царински долг

Заклучно со март 2014 година, вкупниот број на активни одобренија за одложено плаќање изнесува 145 одобренија.

### Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи

На крајот на првиот квартал 2014 година, вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесува 81. На крајот на првиот квартал 2014 година вкупниот број на активни одобренија за акцизно повластено користење по економски оператори изнесува 315.

## *Преференцијално потекло на стоките*

Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. Реализираниот надворешен трговски промет во периодот јануари - март 2014 година, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува 71,3 милијарди денари и е зголемен во однос на истиот период во 2013 година кога изнесувал 60,2 милијарди денари. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 58,1 милијарди денари или 81,6%. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во првиот квартал во 2014 година изнесува 9,5 милијарди денари или 13,4% од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло, од кој најголем процент отпаѓа на трговската размена со Србија.

**ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА**
**(Во милијарди денари)**

| Договорна страна | Увоз и извоз во 2013 година | | | | Увоз и извоз во 2014 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | Вкупно | | I | | II | | III | | Q1 | |
| | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| **ЕУ** | 46.7 | 77.5 | 214.6 | 77.1 | 18.5 | 82.8 | 20.4 | 81.6 | 19.2 | 80.3 | 58.1 | 81.6 |
| **ЕФТА** | 0.3 | 0.4 | 1.7 | 0.6 | 0.2 | 0.8 | 0.2 | 0.8 | 0.1 | 0.4 | 0.4 | 0.6 |
| **ЦЕФТА** | 10.8 | 18.0 | 50.3 | 18.0 | 2.7 | 12.2 | 3.4 | 13.6 | 3.4 | 14.2 | 9.5 | 13.4 |
| Албанија | 0.6 | 1.1 | 3.5 | 1.2 | 0.2 | 1.0 | 0.3 | 1.1 | 0.2 | 0.9 | 0.7 | 1.0 |
| Б и Х | 1.1 | 1.9 | 5.8 | 2.1 | 0.3 | 1.2 | 0.4 | 1.7 | 0.4 | 1.8 | 1.1 | 1.6 |
| Црна Гора | 0.3 | 0.4 | 1.4 | 0.5 | 0.1 | 0.3 | 0.1 | 0.3 | 0.1 | 0.4 | 0.2 | 0.3 |
| Косово | 2.0 | 3.3 | 8.9 | 3.2 | 0.7 | 3.2 | 0.8 | 3.2 | 0.7 | 2.8 | 2.2 | 3.1 |
| Србија | 5.1 | 8.4 | 26.3 | 9.4 | 1.5 | 6.6 | 1.8 | 7.2 | 2.0 | 8.2 | 5.2 | 7.4 |
| Хрватска* | 1.7 | 2.8 | 4.4 | 1.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Молдавија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Турција** | 2.4 | 4.0 | 11.4 | 4.1 | 0.9 | 3.9 | 1.0 | 4.0 | 1.2 | 5.1 | 3.1 | 4.3 |
| **Украина** | 0.0 | 0.0 | 0.5 | 0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.1 |
| **Вкупно** | **60.2** | **100.0** | **278.4** | **100.0** | **22.4** | **100.0** | **25.0** | **100.0** | **23.9** | **100.0** | **71.3** | **100.0** |

*** почнувајќи од 01.07.2013 година вредноста за Хрватска е вклучена во рамки на ЕУ**

Извозот при кој е користен доказ за преференцијално потекло во периодот јануари-март 2014 година изнесува 41,8 милијарди денари и е зголемен во однос на истиот

период во 2013 година кога изнесува 33,3 милијарди денари. Најголемо учество има ЕУ со 35,1 милијарди денари или 84,1% од вкупниот промет. Истовремено, извозот со преференцијално потекло кон земјите членки на ЦЕФТА изнесува 5,5 милијарди денари од кои најголема трговска размена на преференцијални стоки има со Косово и Србија.

Увозот за кој е користен преференцијален третман во периодот јануари - март 2014 година изнесува 29,5 милијарди денари и е зголемен во однос на преференцијалниот увоз во истиот период во 2013 година кога изнесува 26,9 милијарди денари. Најголемо учество има увозот од државите членки на ЕУ со 78% во однос на вкупниот увоз. Увозот со преференцијален третман од државите членки на ЦЕФТА изнесува 4 милијарди денари или 13,6%, од кои најголем процент отпаѓа на увозот на преференцијални стоки од Србија.

**Генерално, извозот со преференцијален третман во периодот јануари-март 2014 година е поголем во однос на увозот.** Вкупниот извоз во земјите членки на ЕУ во март 2014 е поголем од преференцијалниот увоз (35,1 милијарди денари-извоз, наспроти 23 милијарди денари-увоз). Вкупниот извоз во земјите членки на ЦЕФТА во периодот јануари- март 2014 е поголем од преференцијалниот увоз (5,5 милијарди денари-извоз, наспроти 4 милијарди денари-увоз). Повисокиот извоз во однос на увоз е забележан при трговската размена на преференцијални стоки со Косово, додека со Србија податоците покажуваат дека размената е во обратна насока, односно поголем е увозот во однос на извозот.

## Промет на товарни моторни возила (ТМВ) на граничните премини

**Во периодот јануари - март 2014 година на граничните премини за патен сообраќај вкупно транзитирале над 191 илјада ТМВ**, од кои околу 123 илјади полни, а околу 68 илјади празни ТМВ. Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција (околу 68 илјади или околу 35% од вкупниот промет). На ГП Табановце оствари најголем промет по поединечни премини со околу 31% од вкупниот промет и е најголем бројот на полни ТМВ кој транзитирале околу 48 илјади ТМВ или околу 39% од вкупниот промет на полни ТМВ. Од друга страна, најголем број празни ТМВ транзитирале на ГП Богородица и тоа околу 20 илјади ТМВ или околу 29% од вкупниот промет на празни ТМВ.

**ВКУПЕН ПРОМЕТ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ (ВО ИЛЈАДИ)**

| Граничен премин | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | | Вкупно | | | Јануари | | | Февруари | | | Март | | | Вкупно | | |
| | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно |
| **Косово** | **12.81** | **12.09** | **24.90** | **62.66** | **62.76** | **125.43** | **3.34** | **3.34** | **6.69** | **3.58** | **3.63** | **7.20** | **3.46** | **5.19** | **8.66** | **10.38** | **12.16** | **22.55** |
| Блаце | 12.807 | 11.20 | 24.00 | 62.66 | 58.34 | 121.00 | 3.34 | 3.14 | 6.48 | 3.58 | 3.39 | 6.96 | 3.46 | 4.85 | 8.31 | 10.38 | 11.37 | 21.76 |
| Јажинце | 0.00 | 0.90 | 0.90 | 0.00 | 4.42 | 4.42 | 0.00 | 0.20 | 0.20 | 0.00 | 0.24 | 0.24 | 0.00 | 0.35 | 0.35 | 0.00 | 0.79 | 0.79 |
| **Србија** | **47.61** | **9.17** | **56.78** | **208.65** | **44.31** | **252.96** | **14.06** | **3.21** | **17.27** | **17.32** | **3.34** | **20.65** | **16.96** | **4.39** | **21.36** | **48.34** | **10.94** | **59.28** |
| Табановце | 47.61 | 9.17 | 56.78 | 208.65 | 44.31 | 252.96 | 14.06 | 3.21 | 17.27 | 17.32 | 3.34 | 20.65 | 16.96 | 4.39 | 21.36 | 48.34 | 10.94 | 59.28 |
| Пелинце | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Бугарија** | **14.03** | **10.97** | **25.00** | **67.93** | **50.00** | **117.93** | **4.59** | **4.00** | **8.59** | **5.37** | **3.88** | **9.25** | **5.42** | **4.43** | **9.85** | **15.37** | **12.31** | **27.69** |
| Деве Баир | 6.46 | 4.22 | 10.68 | 31.16 | 18.63 | 49.79 | 1.92 | 1.34 | 3.26 | 2.28 | 1.41 | 3.69 | 2.13 | 1.43 | 3.56 | 6.34 | 4.17 | 10.51 |
| Делчево | 3.64 | 2.93 | 6.57 | 16.91 | 13.14 | 30.05 | 1.13 | 1.10 | 2.23 | 1.16 | 1.04 | 2.20 | 1.39 | 1.23 | 2.62 | 3.68 | 3.37 | 7.05 |
| Ново Село | 3.93 | 3.82 | 7.75 | 19.85 | 18.23 | 38.08 | 1.53 | 1.57 | 3.10 | 1.93 | 1.43 | 3.36 | 1.90 | 1.78 | 3.68 | 5.36 | 4.77 | 10.13 |
| **Грција** | **40.16** | **27.77** | **67.92** | **178.33** | **120.41** | **298.74** | **13.06** | **7.91** | **20.97** | **17.21** | **8.26** | **25.47** | **11.24** | **10.36** | **21.60** | **41.51** | **26.53** | **68.04** |
| Дојран | 6.10 | 3.65 | 9.75 | 30.85 | 18.85 | 49.70 | 2.15 | 1.21 | 3.36 | 2.75 | 1.19 | 3.94 | 1.51 | 1.56 | 3.07 | 6.41 | 3.96 | 10.36 |
| Богородица | 32.52 | 21.36 | 53.87 | 140.07 | 89.11 | 229.17 | 10.42 | 5.93 | 16.35 | 13.90 | 6.19 | 20.08 | 9.22 | 7.83 | 17.05 | 33.54 | 19.95 | 53.49 |
| Меџитлија | 1.55 | 2.76 | 4.30 | 7.41 | 12.44 | 19.85 | 0.49 | 0.77 | 1.26 | 0.56 | 0.89 | 1.45 | 0.51 | 0.97 | 1.48 | 1.56 | 2.63 | 4.19 |
| **Албанија** | **8.36** | **6.98** | **15.35** | **40.21** | **34.82** | **75.03** | **2.28** | **1.80** | **4.07** | **3.03** | **2.13** | **5.16** | **2.55** | **2.60** | **5.15** | **7.86** | **6.53** | **14.38** |
| Стење | 0.04 | 0.65 | 0.69 | 0.26 | 4.16 | 4.42 | 0.01 | 0.06 | 0.07 | 0.02 | 0.09 | 0.11 | 0.02 | 0.09 | 0.11 | 0.05 | 0.24 | 0.29 |
| Ќафасан | 8.22 | 5.92 | 14.14 | 39.01 | 27.89 | 66.90 | 2.23 | 1.60 | 3.83 | 2.97 | 1.91 | 4.88 | 2.50 | 2.35 | 4.86 | 7.70 | 5.87 | 13.56 |
| Св,Наум | 0.00 | 0.11 | 0.11 | 0.07 | 0.78 | 0.84 | 0.01 | 0.03 | 0.04 | 0.01 | 0.03 | 0.04 | 0.01 | 0.04 | 0.04 | 0.02 | 0.09 | 0.11 |
| Блато | 0.10 | 0.30 | 0.41 | 0.86 | 1.88 | 2.74 | 0.04 | 0.11 | 0.15 | 0.04 | 0.10 | 0.14 | 0.02 | 0.12 | 0.14 | 0.10 | 0.33 | 0.43 |
| **Вкупно** | **122.96** | **66.99** | **189.95** | **557.77** | **312.30** | **870.07** | **37.33** | **20.26** | **57.58** | **46.50** | **21.24** | **67.74** | **39.64** | **26.98** | **66.62** | **123.47** | **68.47** | **191.94** |

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

**Во периодот јануари - март 2014 година на ГП за патен сообраќај влегле околу 91 илјада ТМВ**, од кои, најголем дел преку Грција (околу 35 илјади или околу 38% од вкупниот број ТМВ на влез).
Од вкупно влезените ТМВ, 66 илјади се полни, а околу 24 илјади празни. Најфреквентен за влез на ТМВ е ГП Богородица.Најфреквентен ГП со влез на празни ТМВ е ГП Блаце со околу 38% од вкупниот број на влезени празни ТМВ. Фактот што ГП Блаце е најфреквентен за влез на празни ТМВ се должи на зголемениот транзит на нафтени деривати од Грција за Косово, при што истите возила се враќаат како празни односно зголемениот извоз во овој период на клинкер (суровина за производство на цемент) од Република Македонија во Косово, при што ТМВ се враќаат празни од Косово бидејќи остваруваат и по две транспортни операции во истиот ден.
**Во периодот јануари - март 2014 година на ГП на Република Македонија за патен сообраќај излегле околу 100 илјади ТМВ**, од кои, најголем дел на границите со Грција и тоа околу 33 илјади ТМВ или околу 33% од вкупно излезените ТМВ. Најфреквентен ГП за излез на ТМВ е ГП Табановце. Од вкупно излезените ТМВ, околу 57 илјади биле полни, а околу 43 илјади празни. Најфреквентен ГП за излез на полни ТМВ е ГП Табановце.

### *Обработени царински декларации*

Во првиот квартал од 2014 година **обработени се 219,4 илјади царински декларации** од кои најголемиот дел се однесуваат на увоз (над 40%) и транзит (39%), по кој следи извозот со 17,8% од вкупно обработените декларации. Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува **27%**. Притоа, поедноставените постапки во извозот учествуваат со 41%, а во увозот со околу 21%.

**БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ (Во илјади)**

| Вид на царинска постапка | 2013 | | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| **Транзитна** | **90.2** | **359.7** | **23.4** | **29.6** | **32.4** | **85.4** |
| **Извоз** | **35.4** | **173.1** | **11.2** | **13.0** | **14.8** | **39.0** |
| Редовен извоз | 21.4 | 103.8 | 6.6 | 7.3 | 8.5 | **22.4** |
| Поедноставена постапка при извоз | 13.5 | 67.2 | 4.4 | 5.5 | 6.1 | **16.0** |
| Привремен извоз | 0.5 | 2.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | **0.6** |
| **Увоз** | **87.8** | **388.6** | **23.6** | **29.5** | **35.5** | **88.6** |
| Редовен увоз | 60.0 | 277.0 | 17.1 | 20.8 | 24.8 | **62.8** |
| Поедноставена постапка при увоз | 20.7 | 80.1 | 4.2 | 6.3 | 8.0 | **18.5** |
| Царинско складирање | 1.6 | 6.5 | 0.4 | 0.4 | 0.6 | **1.4** |
| Привремен увоз | 4.9 | 22.3 | 1.6 | 1.8 | 1.9 | **5.3** |
| Увоз на привремено извезена стока | 0.6 | 2.7 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | **0.6** |
| **Реекспорт** | **6.1** | **25.6** | **1.8** | **2.2** | **2.3** | **6.4** |
| **Вкупно** | **219.5** | **947.0** | **60.0** | **74.3** | **85.1** | **219.4** |

* не се вклучени документи од царинска постапка за уништување на стока (IMA9, IMZ9) и непотполни декларации (IMB4, IMB5, IMB7)

Во првиот квартал од 2014 година вообичаено **доминираше патниот сообраќај со околу 90% од вкупно обработените царински декларации.** Железничкиот сообраќај учествуваше со 7%, а авио-сообраќајот со скоро 2,9%.

**ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ СПОРЕД ВИД НА ТРАНСПОРТ (во илјади)**

| Вид на транспорт | 2013 | | | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | | | Вкупно | | | | Јануари | | | | Февруари | | | | Март | | | | Q1 | | | |
| | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно |
| Патен | 82.40 | 38.70 | 75.40 | 196.50 | 370.62 | 187.29 | 300.96 | 858.85 | 22.22 | 12.30 | 19.23 | 53.75 | 28.08 | 14.31 | 24.69 | 67.08 | 33.8 | 16.3 | 27.2 | 77.2 | 84.06 | 42.91 | 71.09 | 198.06 |
| Железнички | 0.80 | 0.30 | 14.70 | 15.80 | 3.50 | 1.18 | 58.28 | 62.93 | 0.27 | 0.04 | 4.13 | 4.44 | 0.28 | 0.09 | 4.88 | 5.25 | 0.4 | 0.1 | 5.3 | 5.7 | 0.93 | 0.23 | 14.26 | 15.42 |
| Карго | 5.00 | 2.20 | 0.00 | 7.20 | 18.39 | 9.51 | 0.24 | 28.11 | 1.34 | 0.68 | 0.03 | 2.05 | 1.32 | 0.75 | 0.03 | 2.10 | 1.5 | 0.7 | 0.0 | 2.2 | 4.20 | 2.12 | 0.06 | 6.38 |
| Поштенски | 0.40 | 0.00 | 0.00 | 0.40 | 1.81 | 0.22 | 0.00 | 2.04 | 0.14 | 0.02 | 0.00 | 0.15 | 0.15 | 0.04 | 0.00 | 0.20 | 0.2 | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.47 | 0.10 | 0.00 | 0.57 |
| Друг | 0.10 | 0.00 | 0.00 | 0.10 | 0.47 | 0.04 | 0.02 | 0.54 | 0.04 | 0.00 | 0.00 | 0.05 | 0.04 | 0.00 | 0.00 | 0.05 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.14 | 0.02 | 0.01 | 0.16 |
| **Вкупно** | **88.70** | **41.20** | **90.10** | **220.00** | **394.80** | **198.21** | **359.49** | **952.47** | **24.01** | **13.04** | **23.39** | **60.44** | **29.87** | **15.19** | **29.60** | **74.66** | **35.92** | **17.14** | **32.42** | **85.49** | **89.80** | **45.38** | **85.41** | **220.58** |

Во првиот квартал од 2014 година најголем дел од вкупниот број на декларации се обработени во Царинарница Скопје и тоа 32,7%. Во Царинарница Гевгелија обработени се 28,5% од вкупниот број на декларации, а во Царинарница Куманово обработени се 24,4% од вкупниот број на декларации. Останатите 14,4% се обработени во Царинарница Битола 7,3% и Царинарница Штип 7,1%.

**ВКУПНО ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ ВО 2014 ГОДИНА ПО ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ (ВО ИЛЈАДИ)**

| Царинска испостава | 2013 | | | | 2014 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | Вкупно | | Јануари | | Февруари | | Март | | Q1 | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Царинарница Скопје** | **70.9** | **32.4** | **318.5** | **33.4** | **20.2** | **33.4** | **23.7** | **31.8** | **28.3** | **33.1** | **72.2** | **32.7** |
| 1 ЦИ Скопје 1 | 15.3 | 7.0 | 77.1 | 8.1 | 6.4 | 10.7 | 7.4 | 9.9 | 8.3 | 9.7 | 22.1 | 10.0 |
| 2 ЦИ Скопје 2 | 23.4 | 10.7 | 97.3 | 10.2 | 4.5 | 7.5 | 5.6 | 7.5 | 6.5 | 7.6 | 16.6 | 7.5 |
| 3 ЦИ Скопје 3 | 11.5 | 5.3 | 44.0 | 4.6 | 2.1 | 3.4 | 2.8 | 3.7 | 4.1 | 4.8 | 9.0 | 4.1 |
| 4 ЦИ Скопје 4 | 1.4 | 0.6 | 9.3 | 1.0 | 0.7 | 1.1 | 1.0 | 1.4 | 1.3 | 1.5 | 3.0 | 1.4 |
| 5 ЦИ Слободна зона Скопје | 3.3 | 1.5 | 15.9 | 1.7 | 1.3 | 2.2 | 1.5 | 2.0 | 1.6 | 1.9 | 4.4 | 2.0 |
| 6 ЦИ Пошта Скопје | 0.9 | 0.4 | 3.1 | 0.3 | 0.2 | 0.4 | 0.3 | 0.4 | 0.3 | 0.4 | 0.8 | 0.4 |
| 7 ЦИ Аеродром Скопје | 7.5 | 3.4 | 32.1 | 3.4 | 2.5 | 4.1 | 2.6 | 3.4 | 2.8 | 3.3 | 7.8 | 3.5 |
| 8 ЦИ Блаце | 4.5 | 2.1 | 25.5 | 2.7 | 1.5 | 2.4 | 1.6 | 2.2 | 2.3 | 2.6 | 5.3 | 2.4 |
| 9 ЦИ Тетово | 2.7 | 1.2 | 14.1 | 1.5 | 0.9 | 1.5 | 1.0 | 1.3 | 1.1 | 1.3 | 3.0 | 1.4 |
| **Царинарница Куманово** | **50.8** | **23.2** | **231.9** | **24.3** | **14.7** | **24.3** | **18.5** | **24.8** | **20.7** | **24.2** | **53.9** | **24.4** |
| 10 ЦИ Куманово | 9.0 | 4.1 | 37.4 | 3.9 | 2.4 | 3.9 | 3.0 | 4.0 | 3.0 | 3.5 | 8.4 | 3.8 |
| 11 ЦИ Табановце Автопат | 27.9 | 12.7 | 131.6 | 13.8 | 8.0 | 13.2 | 10.8 | 14.4 | 12.1 | 14.2 | 30.9 | 14.0 |
| 12 ЦИ ЖС Табановце | 7.7 | 3.5 | 33.0 | 3.5 | 2.4 | 4.1 | 2.5 | 3.3 | 3.0 | 3.5 | 7.9 | 3.6 |
| 13 ЦИ Деве Баир | 6.2 | 2.8 | 29.9 | 3.1 | 1.9 | 3.1 | 2.2 | 3.0 | 2.6 | 3.0 | 6.7 | 3.0 |
| **Царинарница Штип** | **15.7** | **7.2** | **68.1** | **7.1** | **4.9** | **8.1** | **5.1** | **6.9** | **5.5** | **6.4** | **15.6** | **7.1** |
| 14 ЦИ Штип | 10.6 | 4.8 | 46.1 | 4.8 | 3.3 | 5.5 | 3.4 | 4.6 | 3.6 | 4.2 | 10.4 | 4.7 |
| 15 ЦИ Делчево | 3.6 | 1.6 | 17.1 | 1.8 | 1.2 | 2.1 | 1.3 | 1.8 | 1.4 | 1.7 | 4.0 | 1.8 |
| 16 ЦИ Велес | 1.5 | 0.7 | 5.0 | 0.5 | 0.3 | 0.5 | 0.4 | 0.5 | 0.5 | 0.6 | 1.2 | 0.5 |
| **Царинарница Гевгелија** | **66.2** | **30.2** | **262.1** | **27.5** | **16.2** | **26.9** | **21.9** | **29.3** | **24.8** | **29.0** | **63.0** | **28.5** |
| 17 ЦИ Богородица | 25.1 | 11.5 | 83.2 | 8.7 | 5.5 | 9.1 | 6.9 | 9.2 | 8.0 | 9.3 | 20.4 | 9.2 |
| 18 ЦИ Гевгелија | 13.4 | 6.1 | 56.8 | 6.0 | 4.0 | 6.7 | 4.8 | 6.4 | 5.2 | 6.1 | 14.0 | 6.3 |
| 19 ЦИ Кавадарци | 17.3 | 7.9 | 66.0 | 6.9 | 3.4 | 5.7 | 6.3 | 8.4 | 6.6 | 7.7 | 16.4 | 7.4 |
| 20 ЦИ Струмица | 2.5 | 1.1 | 17.3 | 1.8 | 0.7 | 1.1 | 0.7 | 1.0 | 0.9 | 1.1 | 2.3 | 1.1 |
| 21 ЦИ Ново Село | 2.8 | 1.3 | 14.0 | 1.5 | 0.9 | 1.5 | 1.2 | 1.6 | 1.6 | 1.8 | 3.6 | 1.7 |
| 22 ЦИ Дојран | 5.1 | 2.3 | 24.8 | 2.6 | 1.7 | 2.8 | 2.1 | 2.8 | 2.5 | 3.0 | 6.3 | 2.9 |
| **Царинарница Битола** | **15.4** | **7.0** | **72.7** | **7.6** | **4.4** | **7.3** | **5.4** | **7.3** | **6.2** | **7.3** | **16.1** | **7.3** |
| 23 ЦИ Битола | 2.7 | 1.2 | 10.9 | 1.1 | 0.9 | 1.4 | 1.0 | 1.3 | 1.1 | 1.3 | 3.0 | 1.4 |
| 24 ЦИ Меџитлија | 3.2 | 1.5 | 12.2 | 1.3 | 0.9 | 1.6 | 1.1 | 1.5 | 1.2 | 1.4 | 3.3 | 1.5 |
| 25 ЦИ Прилеп | 2.3 | 1.1 | 14.2 | 1.5 | 0.8 | 1.3 | 0.9 | 1.2 | 0.9 | 1.1 | 2.6 | 1.2 |
| 26 ЦИ Охрид | 0.5 | 0.2 | 2.7 | 0.3 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.4 | 0.2 |
| 27 ЦИ Охрид Аеродром | 0.0 | 0.0 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 |
| 28 ЦИ Струга | 2.7 | 1.2 | 10.7 | 1.1 | 0.6 | 0.9 | 0.6 | 0.8 | 0.7 | 0.8 | 1.9 | 0.8 |
| 29 ЦИ Ќафасан | 4.0 | 1.8 | 21.3 | 2.2 | 1.1 | 1.9 | 1.6 | 2.2 | 2.0 | 2.4 | 4.8 | 2.2 |
| 30 ЦИ Блато | 0.0 | 0.0 | 0.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно** | **219.0** | **100** | **953.3** | **100.0** | **60.4** | **100.0** | **74.7** | **100.0** | **85.6** | **100.0** | **220.7** | **100.0** |

Во делот на увозните декларации учеството на Царинарница Скопје е најголемо со 49,5%, потоа следи Царинарница Гевгелија со 23% и Царинарница Куманово со 11,9%. Во делот на извозните декларации учеството на Царинарница Скопје е најголемо со 38,3%, потоа следи Царинарница Гевгелија со 24,6%, па Царинарница Куманово со 13,1%. Во делот на транзитните декларации најголемо е учеството на Царинарница Куманово со 43,6%, потоа следи Царинарница Гевгелија со 36,4% и Царинарница Скопје со 12,1%.

## *Наплатени приходи*

Во првиот квартал 2014 година Царинската управа по сите основи наплати вкупно 13.891,5 милиони денари, што е 3% повеќе во однос на првиот квартал 2013 година кога се наплатени 13.461,7 милиони денари.

**НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ (Во милиони денари)**

| Период | 2014 | | | | | 2013 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно |
| I | 317.7 | 2,635.4 | 1,370.1 | 47.4 | 4,370.5 | 359.9 | 2,864.8 | 1,172.4 | 218.8 | 4,615.9 |
| II | 335.9 | 2,872.5 | 1,248.6 | 42.1 | 4,499.1 | 296.8 | 2,764.0 | 1,107.1 | 115.8 | 4,283.6 |
| III | 387.8 | 3,231.3 | 1,356.2 | 46.6 | 5,021.9 | 357.8 | 2,867.3 | 1,170.6 | 166.5 | 4,562.2 |
| **Q1** | **1,041.3** | **8,739.2** | **3,974.9** | **136.1** | **13,891.5** | **1,014.5** | **8,496.1** | **3,450.1** | **501.1** | **13,461.7** |

## *Царина*

Во периодот јануари - март 2014 година наплатени се 1.041,3 милиони денари на име царина и други царински давачки со еквивалентен ефект. Овој износ е за 3% повисок во однос на наплатените приходи по основ на царина во истиот месец 2013 година кога се наплатени вкупно 1.014,5 милиони денари и за 9% повисок од планираните 955 милиони денари.

Најголемо зголемување на приходите од царина во периодот јануари - март 2014 година има кај увозот на тутун и производи за замена на тутун. Главна причина за зголемување на приходите од царина е порастот на увоз на стока - пури, цигарилоси и цигари. Зголемување на приходите од царина во јануари - март 2014 има при увозот на електрични машини и опрема и нивни делови и кај увозот на производи врз база на жита, брашно, скроб или млеко, слаткарски производи). Причина за зголемување на приходите од царина е зголемената вредност на увоз и зголемената количина на овие видови стока.

## *ДДВ*

Во периодот јануари - март 2014 година од увозен ДДВ се наплатени вкупно 8.739,2 милиони денари што е 3% повеќе во однос на наплатените приходи во истиот период 2013 година кога се наплатени 8.496,1 милиони денари.

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Зголемување на приходите од ДДВ во јануари - март 2014 година има кај електрични машини и опрема и нивни делови, кај увозот на минерални горива, нафтени деривати и производи од нивна дестилација. и кај увозот на пластични маси и производи од пластични маси). Причина за зголемување на приходите од ДДВ е зголемената вредност на увоз и зголемената количина на овие видови стока.

### *Акцизи*

Вкупно наплатените приходи од акциза остварени во внатрешен промет и увоз во јануари - март 2014 година изнесуваат 3.974,9 милиони денари, наспроти 3.450 милиони денари наплатени во јануари - март 2013 година и бележат пораст за 15%.

Во овој период, учеството на наплатената акциза во внатрешен промет во вкупно остварениот приход од акциза е 81%, наспроти наплатената акциза при увоз која учествува со 19%. Најголем приход е остварен од наплатата на акциза за минерални масла и деривати кои учествуваат со 52% во вкупно остварениот приход од акцизи и од наплатата на акциза за тутун и тутунски производи кои учествуваат со 40,5%. Во однос на приходите од акциза во 2013 година, најголем пораст бележи на акцизата за тутун и тутунски производи (38%), наплатата на акциза за алкохол и пиво (15%) и 3% наплатата од акциза за минерални масла, додека пад од 11% бележи наплатата на акциза за патнички возила.

### *Надоместоци*

Вкупно наплатените приходи од надоместоци при увоз за период **јануари - март 2014 година** изнесуваат 136,1 милиони денари, при што најголем приход е остварен од надоместоците за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои учествуваат со 85% во вкупниот приход.

## *Основи*

Царинската управа е должна да спроведува контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство. Во период јануари - март 2014 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, за царинско разузнавање, за контрола на трговски друштва, истрагите и работа на специјалните единици.

Комитетот за контрола и безбедност **во период јануари - март 2014 година, одржа четири седници на кои беа разгледани** статусот на реализација на задолженијата и препораките дадени од страна на комитетот, беше усвоен тромесечниот извештај на Комитетот за период октомври-декември 2013 година и годишниот извештај за работата на Комитетот за 2013 година и беше донесен план за работа на Комитетот за 2014 година и др. Комитетот во овој период препорача да се зајакне контролата на документацијата на ПМВ[8]**, кои преминуваат на граничните премини и да се зголеми бројот на лични претреси на патници при излез**. Комитетот исто така ги разгледа доставените синтетизирани табели од страна на СПО[9] **за извршена царинска контрола, по што изготви и кратка информација до директорот околу ползата, причините, ризикот и потребниот ангажман во врска со оваа активност. При тоа даде препорака во иднина ваквите анализи вработените од СПО самостојно да ги работат користејки ги постоечките системи за електронска евиденциј**а на царински декларации.

**Комитетот за управување со ризик** во период јануари - март 2014 година одржа четири состаноци, на кои беа разгледани реализацијата на обврските произлезени од двата состанока одржани во декември 2013 година, кога беа прецизирани конкретни задолженија, и беше посветено најголемо внимание на разгледување на принципите за поставување на критериумите на ризик, како и усогласување на параметрите за критериумите на ризик. Комитетот го задолжи Координаторот на Комитетот да се обрати до Бирото за јавна безбедност заради обезбедување на информации за оперативните искуства и начинот на постапување со физички лица во системот на т.н. стоп листи; го задолжи Секторот за царински систем да ги финализира измените на Упатствата за поедноставени постапки и на Упатството за постапката на царинење на стока. Исто така Одделението за управување со ризици беше задолжено да изврши анализа и да изготви предлози за укинување на повеќе критериуми на ризик. На истата седница беше задолжен Секторот за царински систем да подготви предлог Одлука за укинување на Насоката за определување на царински органи за пуштање во слободен промет на одредени видови на стока во зависност од видот на стоката.

---

[8] Патнички моторни возила

[9] Сектор за професионална одговорност

# *Унапредување на административниот капацитет*

## *Управување со ризици*

Управувањето со ризици претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа.
Во овој квартал донесени се следните упатства:

- **Упатство за вршење селективни контроли во царинското работење** - со ова Упатство се пропишува селективниот приод, базиран на анализа на ризици, при спроведување на царински контроли од страна на организационите единици на Царинската управа на Република Македонија со користење на техники за управување со ризици,
- **Упатство за работа на Одделението за управување со ризици за примена на процесот на управување со ризици** - со ова Упатство се уредува начинот на работа на Одделението за управување со ризици, како организационен дел на Секторот за контрола и истраги, како и процесот на управување со ризици во Царинската управа на Република Македонија.

## *Контрола на примената на законите*

Во период јануари - март 2014 година Царинската управа донесе **Акционен план за спроведување на Стратегијата за спречување на нелегалната трговија со оружје 2013-2015 година**, донесен согласно стратешките цели поставени со стратегијата. Во него се содржани мерки и активности кои ќе се превземат од Царинската управа во текот на 2014 година во насока кон спречување на нелегалната трговија со оружје, намалување на побарувачката и достапност на нелегалното оружје.
Во врска со Стратегијата за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето 2013-2015 година, донесен е **Акционен план за спроведување на целите поставени со стратегијата**. Во него се содржани активности насочени кон спречување на неовластена трговија со дрога, намалување на нејзината побарувачка и достапност.
Во истиот период донесена е **Стратегија за заштита на правата од интелектуална сопственост 2014 - 2016 година** и Акционен план за заштита на правата од интелектуална сопственост за 2014 година.
Во период јануари - март 2014 година донесена е **Стратегија за спречување на нелегалното производство, промет и шверц на тутун и тутунски производи 2014-2016 година** и Акционен план за спречување на нелегалното производство, промет и шверц на тутун и тутунски производи за 2014 година.
Во истиот период беше донесена **измена на Упатство за вршење на теренска контрола на иматели на одобренија за постапки со економски ефект**, со кои беа пропишани обрасци за годишни и месечни планови за контроли на СНИО[10], годишни и месечни извештаи за реализација на плановите за контрола на СНИО и обрасци за записници за извршени контроли на иматели на одобренија за постапки со

[10] Служба за надзор на иматели на одобренија

економски ефект, со што ќе се обезбеди еднообразно работење на СНИО при царинарниците.

Донесено е **Упатство за мерење на успешност на контролата на мобилните единици**, со кое ќе се овозможи мерење на успешноста на работењето и активностите на мобилните единици.

## *Царинска и друга контрола*

Физичката царинска контрола опфаќа контрола на законитоста на влез, излез и транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката за нејзино царинење.

Со примена на системот за анализа на ризик, во период јануари-март 2014 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола резултираше со над 139 успешни наоди, при што биле опфатени стоки по 181 критериум, меѓу кои поинтересни се подолу прикажаните заплени и привремено задржани стоки.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА ФИЗИЧКА КОНТРОЛА ВО ПЕРИОД | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на наод | Ед. мерка | 2013 | | | | 2014 | | | | | | | |
| | | Q1 | | Вкупно | | Јануари | | Февруари | | Март | | Q1 | |
| | | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции |
| Спречување нелегна трговија со наркотички droги, психотропни супстанци и прекурзори | Кг | 518.7 | 12 | 947 | 38 | 1.94 | 1 | 1.00 | 1 | 9.50 | 1 | 12.44 | 3 |
| Спречување нелегална трговија си оружје и распрскувачки материи и предмет | Парче | 133 | 3 | 14897 | 15 | 106 | 2 | 125 | 2 | 0 | 0 | 231 | 4 |
| Заштита на културното наследство | Парче | 26 | 1 | 74 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Спречување на нелегална трговија со живи животни | Парче | 240 | 1 | 245 | 3 | 6 | 1 | 56 | 1 | 350 | 1 | 412 | 3 |
| Спречување илегална имиграција | Лица | 137 | 20 | 258 | 54 | 0 | 0 | 9 | 1 | 2 | 1 | 11 | 2 |
| Спречување недозволено пренесување на готови пари и хартии од вредност (илјади евра) | Евра | 208 | 19 | 1467 | 91 | 1454 | 3 | 53 | 3 | 64 | 7 | 1571 | 13 |
| Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала | Парче | 24166 | 7 | 110664 | 19 | 4751 | 3 | 18 | 2 | 550 | 4 | 5319 | 9 |
| | Кг | | | | | | | 5 | | | | 5 | 0 |
| Спречување неовластена трговија со прехранбени производи | Кг | 1772 | 10 | 7936 | 39 | 155 | 5 | 430 | 5 | 0 | 0 | 585 | 10 |
| | литри | | | 434 | 0 | 149 | | | | | 0 | 149 | 0 |
| | парче | | | 177 | 0 | | | 86272 | | | 0 | 86272 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи (илјади парчиња) | Парче | 316 | 35 | 804 | 96 | 23 | 6 | 67 | 5 | 31 | 6 | 121 | 17 |
| | Кг | 0.3 | | 45.50 | 0 | | | | | | | 0 | 0 |
| Спречување забранета употреба на екстра лесно гориво | Парче | | | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали | Парче | 7038 | 23 | 93325 | 115 | 294 | 8 | 427 | 5 | 959 | 11 | 1680 | 24 |
| | Kg | 5.5 | 1 | 1365.50 | 2 | | | | | | | 0 | 0 |
| | ролни | 11 | 1 | 11 | 1 | | | | | | | 0 | 0 |
| | М | 961 | 3 | 15672 | 3 | | | | | 172 | | 172 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со бижутерија, галантерија и предмети и накит од благородни метали | Парче | 5041 | 17 | 21171 | 51 | 583 | 3 | 3982 | 5 | 3223 | 4 | 7788 | 12 |
| | Кг | | | | | | | 1510 | | | | 1510 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл. | Парче | 3487 | 12 | 54848 | 48 | 3 | 1 | 1325 | 3 | 600 | 1 | 1928 | 5 |
| Спречување нелегална трговија со други видови стоки | Парче | 8880 | 34 | 260809 | 201 | 9124 | 25 | 15033 | 24 | 17897 | 27 | 42054 | 76 |
| | Метри | 600 | 1 | 739 | 1 | | | 3 | | | | 3 | 0 |
| | Кг | | | 8131 | 1 | 40 | | | | | | 40 | 0 |
| | литри | | | 25 | 0 | 87.00 | | 40 | | 22 | | 149 | 0 |
| **Вкупно акции** | | | **200** | | **784** | | **58** | | **57** | | **66** | | **181** |

Според бројот на акции и количината на привремено задржани и запленети предмети, евидентно е дека и покрај интензивните акции и резултати од акциите за спречување нелегална трговија со наркотички дроги, нелегалната трговија се манифестира со обиди за шверц и криумчарење на мали пратки на производи за широка потрошувачка што сеуште подлежат на увозни давачки.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со наркотички droги, психотропни супстанци и прекурзори

Во првиот квартал за 2014 година во 3 обиди спречен е шверц на наркотични дроги од околу 1кг. амфетамини и 11,435 кг. хероин.



*На граничниот премин Богородица при влез во државата во соработка со МВР, мобилните тимови открија шверц на хероин(прашок) со вкупна тежина од 9.500 грама.*

## Спречување нелегална миграција

Во првиот квартал за 2014 година во 2 обиди откриени се 11 мигранти.



*Царинските инспектори од Одделението за истраги при Царинска управа, во непосредна близина на граничниот премин Богородица, извршија преглед на ТМВ, при што помеѓу палетите во предниот дел на камионот беа откриени две лица со потекло од Пакистан.*

## Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети

Во првиот квартал од 2014 година царинските службеници во 4 обида спречија шверц на оружје и распрскувачки материи и предмети од вкупно 231 парче.



*На граничниот премин Богородица при влез во државата откриен е шверц на боева муниција за автоматска пушка и пиштол и тоа 70 парчиња.*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во првиот квартал за 2014 година во 17 обиди спречија шверц на околу 121 илјади парчиња цигари.

*На граничниот премин Табановце при рутинска контрола на царинските службеници откриени се сокриени цигари и тоа 14.190 парчиња цигари (71 штека).*



## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во првиот квартал за 2014 година во 13 обиди спречен е шверц на готови пари и тоа: 96.200 евра, 1.443.715 чекови во евра и 38.000 швајцарски франци.

*На граничниот премин Табановце, при контрола мобилните тимови во патничко моторно возило, пријавено за влез во државата, биле одземени 7.000 евра.*



## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во првиот квартал од 2014 година во 76 обиди спречен е шверц на околу 42.054 парчиња разна стока.

*На граничниот премин Табановце при влез во државата биле откриени непријавени авто делови за камиони.*



### Спречување неовластена трговија со лекови и медицински помагала

Во првиот квартал од 2014 година во 9 обиди спречен е шверц на околу 5.319 парчиња лекови и 5 кг. на метални стоматолошки матерјали.



*На граничниот премин Табановце при влез во државата откриени се 265 пакувања инекции и 120 парчиња лекови камагра и виагра.*

### Спречување неовластена трговија со прехранбени производи

Во првиот квартал од 2014 година во 10 случаи е спречен шверц на околу 585кг., 149 литри и 86.272 парчиња прехранбени производи (шекер, сончоглед, ореви, мастики за цвакање, додатоци во исхраната).



*На влез во Скопје при рутинска контрола на мобилните тимови откриена е поголема количина на ракија за која не поседувале никаква документација.*

### Спречување нелегална трговија со живи животни

Во првиот квартал за 2014 година во 3 обиди спречен е шверц на 412 живи животни.



*На царинската испостава Табановце привремено беа задржани 350 украсни риби*

## Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во првиот квартал на 2014 година во 24 обиди спречен е шверц на околу 1.680 парчиња текстил.



На граничниот премин Аеродром Скопје при влез во државата откриени се разни фустани од трговски карактер.

## Контрола на управувањето со странски возила и на јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во период јануари - март 2014 година Царинската управа привремено задржа 50 моторни возила, од кои 44 патнички моторни возила, 5 моторцикли и еден мопед.

Самостојно и во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во период јануари - март 2014 година се откриени 12 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.
Во истиот период 2013 година се откриени 9 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.

## *Пријавени девизи*

На граничните премини во Република Македонија, во првиот квартал 2014 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 3.418.580 евра, сите на влез во Република Македонија.
Од вкупно пријавените девизи, 2.523.830 се евра, 654.590 се швајцарски франци, 435.500 се американски долари, 62.865 германски марки итн.
Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 2.151.800 EUR или 62,94%), ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 735.360 EUR или 21,51%) и ЦИ Богородица (195.650 EUR или 5,72%), ЦИ Ќафасан (142.400 EUR или 4,17%) итн.
Во првиот квартал 2014 година пријавени се за 9,15% повеќе девизи во однос на првиот квартал од 2013 година или по вид на валута:

- скоро идентично пријавени евра (за 0,00079% помалку),
- 38,71% повеќе швајцарски франци и
- 50,91% повеќе американски долари.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Царинска лабораторија

Во првиот квартал за 2014 година во лабораторијата се примени 182 мостри. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбена индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа од вкупно 184 анализирани мостри, во 30 случаи или 16,3% (од кои 11 врз основа на анализа на техничка документација, 19 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака и непочитување на мерките на трговска политика. Несоодветното распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.

## *Документарна царинска контрола*

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во период јануари - март 2014 година, во над 6.188 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 5.978 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 90 случаи на невалидни цертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 104 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 16 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | | | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Q1 | | | | Вкупно | | | | Јануари | | | | Февруари | | | | Март | | | | Q1 | | | |
| Вид на документ | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно |
| Фактури (пониска вредност) | 3,059 | 0 | 3,088 | 6,147 | 18,630 | 4 | 7,346 | 25,980 | 1,306 | 0 | 433 | 1,739 | 1,512 | 0 | 471 | 1,983 | 1,751 | 0 | 505 | 2,256 | 4,569 | 0 | 1,409 | 5,978 |
| Цертификати за преференцијално потекло | 54 | 5 | 16 | 75 | 318 | 13 | 70 | 401 | 13 | 0 | 7 | 20 | 14 | 0 | 10 | 24 | 35 | 0 | 11 | 46 | 62 | 0 | 28 | 90 |
| Несоодветно тарифно распоредување на стоката | 76 | 0 | 31 | 107 | 329 | 21 | 149 | 499 | 12 | 0 | 8 | 20 | 29 | 0 | 12 | 41 | 39 | 0 | 4 | 43 | 80 | 0 | 24 | 104 |
| Други документи за пресметка на увозни давачки | 11 | 0 | 9 | 20 | 28 | 7 | 62 | 97 | 4 | 0 | 3 | 7 | 1 | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 1 | 3 | 7 | 0 | 5 | 12 |
| Други видови невалидни документи | 2 | 1 | 4 | 7 | 16 | 2 | 4 | 22 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| **Вкупно** | 3,202 | 6 | 3,148 | 6,356 | **19,322** | **47** | **7,631** | **27,000** | **1,336** | **0** | **451** | **1,787** | **1,558** | **0** | **494** | **2,052** | **1,828** | **0** | **521** | **2,349** | **4,722** | **0** | **1,466** | **6,188** |

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 140,15 милиони денари на име увозни давачки.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на употребувани ПМВ[11], трактори и земјоделска механизација, трговски каталози, премачкана хартија, омекнувач и гелови, метални канцелариски ормари, плочки, рекламни сталажи, старо железо, монитори, клима уреди, премачкувачки средства, палети, алуминиумски врати, завртки, мутери, ткенини, базно масло, делови за моторни возила, солариуми, забни пасти, обувки, отпадно железо, дигитални ресивери, стаклени тегли, мостри, бесплатни пратки, стока за широка потрошувачка и сл.

Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, пред сè се однесуваат на монтажни контејнери, мебел штоф, полиуретанска пена, какао, штрафови, говетско месо, зеленчук, конец, документација на ДВД, гориво, бар код скенер читачи, лепак за стиропор, гел за туширање, сол, водоотпорни плочи, електрични кабли, држачи, метални плочки, правосмукалки, пченкарни смоки, пластични кутии, палети дрвени и метални, стикери, ПДА уред, смарт фони и сл.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во истиот период 2013 година, во над 6.356 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 145 милиони денари на име увозни давачки.

## *Постцаринска контрола*

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки за вршење работи на застапување во царински постапки и др. Овие контроли опфаќаат контрола на придржувањето кон обврските од одобренијата од страна на имателите на одобренија, проверка на податоците во материјалната и финансиската евиденција, контрола на пријавените нормативи за производство, раздолжувањето на увезените материјали, роковите за завршување на постапките, исполнувањето на условите за издавање на докази за преференцијално потекло, количините сместени во царинските складови и простории за привремено чување на стоката[12] и др.

Во период јануари - март 2014 година, извршени се 173 контроли на трговски друштва, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 13 контроли на трговски друштва на увозни или извозни постапки и една документарна контрола откриени се 14 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од 0,48 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт, трошоци за натовар, истовар и манипулација поврзани со транспортот на увезените стоки, неправилно пријавено преференцијално потекло на увезени стоки, неправилно утврдена даночна основица на увезени стоки, непријавување за увозно царинење и прикажување на помала вредност од вистински платената.

[11] Патнички моторни возила
[12] ППЧ

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

При извршените 20 контроли на иматели на акцизни одобренија, корисници на ТНГ како погонско гориво и една документарна контрола откриени се 4 случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки во вкупен износ од 0,53 милиони денари. Во период јануари - март 2014 година, донесено е едно решение за укинување на акцизно одобрение по враќање на истото од имателот на одобрението. При извршените 55 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување се откриени 3 случаи за избегнување плаќање увозни давачки, по што се изготвени 6 предлози за дополнитена наплата на царински долг во износ од 0,28 милиони денари. При контролата на 43 иматели на одобренија за царинско складирање и ППЧ, не се откриени случаи за избегнување плаќање увозни давачки. Во период јануари - март 2014 година, не се откриени случаи на непридржување на условите за поедноставени царински постапки, поради кои би следело одземање на одобрението за поедноставени царински постапки.

| РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на контрола | 2013 | | 2014 | | | |
| | Q1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Q1 |
| Контрола на трговски друштва | 16 | 70 | 3 | 5 | 5 | 13 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 8 | 45 | 3 | 7 | 10 | 20 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 50 | 261 | 15 | 23 | 17 | 55 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 35 | 241 | 14 | 14 | 15 | 43 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 14 | 50 | 0 | 2 | 1 | 3 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 62 | 247 | 10 | 13 | 11 | 34 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 111 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 1 | 5 | 0 | 1 | 4 | 5 |
| **Вкупно** | **186** | **1,030** | **45** | **65** | **63** | **173** |

Во истиот период 2013 година извршени се 186 контроли на трговски друштва по разни основи.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во период јануари - март 2014 година, Царинската управа на име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ се донесени 133 решенија, на вкупен износ од околу 17,37 милиони денари, од кои:

- 12 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 0,19 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 15 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 3,75 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- 30 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 1,3 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот,

- 76 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 12,13 милиони денари по други основи и тоа: измена на податоци во барински декларации, нераздолжена транзитна постапка, плаќање на увозни давачки за пуштање во слободен промет пред истекот од рокот за кој стоката била ослободена од давачки, наплата на трошоци за извршени анализи на земени мостри, дополнителна наплата по основ на сторен прекршок, дополнителна наплата по основ на комисиски записници за наод, извршени теренски контроли во трговски друштва и др.

Во истиот период 2013 година Царинската управа донесе вкупно 275 решенија за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 221 милион денари.

## Кривични пријави

Царинската управа во период јануари-март 2014 година **поднесе 22 кривични пријави против 24 физички и 16 правни лица.**

| ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ВО 2014 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основ за поднесена кривична пријава | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | | | Q1 | | | Јануари | | | Февруари | | | Март | | | Q1 | | |
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување на наркотички дроги | 43 | 0 | 27 | 16 | | 9 | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со цигари | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | 3 | 0 | 3 | 2 | | 2 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со лекови | 3 | 0 | 2 | 3 | | 2 | | | | | | | | | | | | |
| Криумчарење благородни метали | 6 | 0 | 6 | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| Криумчарење други видови стоки | 11 | 1 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Фалсификување други исправи | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Поднесени фалсификувани фактури | 17 | 1 | 17 | 5 | | 5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | | | | 3 | 3 | 3 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | 9 | 4 | 9 | 3 | 2 | 3 | | | | | | | | | | | | |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 8 | 7 | 8 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Непријавени стоки при увозно царинење | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Недозволено производство и промет со општо опасни материи | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | 4 | 0 | 3 | 2 | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Незавршена транзитна постапка | 3 | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Неисполнување на законска обврска за увозно царинење | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Неовластен увоз на стоки предмет за заштита на права од интелектуална сопственост | 4 | 4 | 4 | | | | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 9 | 6 | 8 | 14 | 11 | 13 |
| Пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување | | | | | | | | | | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 1 |
| Симнување на службен знак | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 |
| Други основи | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **123** | **25** | **94** | **34** | **4** | **25** | **5** | **4** | **5** | **9** | **6** | **8** | **10** | **6** | **9** | **24** | **16** | **22** |

Во овој период поради поради недозволено тргување со наркотички дроги беше поднесена една кривична пријава против едно физичко лице. Поради недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали беше поднесена една кривична пријава против едно физичко лице. Поради криумчарење благородни метали беше поднесена една кривична пријава против едно физичко лице. Поради поднесени

фалсификувани фактури беа поднесени 3 кривични пријави против 3 физички лица и 3 правни лица. Поради поднесени фалсификувани и невалидни документи со пониски вредности од вистинските поднесена е една кривична пријава против едно физичко лице и едно правно лице. Поради неовластен увоз на производи што се предмет на заштита на правата од индустриска сопственост поднесени се 13 кривични пријави против 14 физички лица и 11 правни лица. Поради пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување поднесена е една кривична пријава против 2 физички лица и едно правно лице. Поради симнување на службен знак изготвена е една кривична пријава против едно физичко лице. Во истиот период 2013 година Царинската управа поднесе 25 кривични пријави против 34 физички и 4 правни лица.

### Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во период јануари - март 2014 година се поднесени 200 прекршочни пријави од кои, 183 за сторен царински прекршок, 12 за сторен девизен прекршок и 5 за сторен акцизен прекршок. Од вкупно поднесени прекршочни пријави, 175 се однесуваат на физички, а 25 на правни лица. Во истиот период 2013 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 222 прекршочни пријави против 191 физичко лице и 31 правно лице.

Во период јануари - март 2014 година, беа решени 407 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 22,25 милиони денари. Во 234 предмети покрај глобата им беше изречена и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 17 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизи кои во денарска противвредност изнесуваат околу 102,4 милиони денари. Во истиот период 2013 година, беа решени 448 прекршочни предмети и при тоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 25,7 милиони денари.

Во период јануари - март 2014 година се изречени 488 мандатни казни против 354 физички лица и 134 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 3,75 милиони денари. Во Царинарница Скопје се изречени 158 мандатни казни во износ од 1,35 милиони денари, во Царинарница Гевгелија се изречени 61 мандатна казна во износ од околу 0,6 милиони денари, во Царинарница Штип се изречени 78 мандатни казни во износ од 0,82 милиони денари, во Царинарница Битола се изречени 51 мандатна казна во износ од 0,33 милиони денари и во Царинарница Куманово се изречени 140 мандатни казни во износ од 0,65 милиони денари.

Во истиот период 2013 година се изречени 482 мандатни казни во износ од 3,73 милиони денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во период јануари-март 2014 година Царинската управа учествуваше во Проектот „GLOBAL SHIELD“, мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на СЦО; операција Ермис, организирана од OLAF и Грчката царина за спречување на трговијата со фалсификувани стоки;

операција Херкул 2, организирана од OLAF и царинска администрација на Италија за спречување на трговијата со фалсификувани и шверцувани лекови; Проект ANTS, организиран од SELEC, а фокусиран на заплени на мали количини на цигари опфатени со сите видови на транспорт (воздушен, воден, железнички, патен, како и заплени во внатрешноста на земјата).
Царинската управа учествуваше во подготовките за операција „Bitter Pill", фокусирана борба против трговија со фалсификувани лекови и цигари (во организација на ОЛАФ и Италијанската царина) и на 14-та Конференција за контрола на извозот во Дубаи, Обединети Арапски Емирати организирана од Владите на Соединетите Американски Држави и Обединетите Арапски Емирати.
Во овој период Царинската управа внесе во CEN базата 43 заплени, како и 46 информации за запленета стока до SELEC центарот и достави информација до ЗКА Балкан инфо за 6 заплени на дрога.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

Во првиот квартал 2014 година, бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 530, од нив 327 се активни корисници и истите оствариле вкупно 60 пристапи до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.
На крајот на првиот квартал од 2014 година во Царинската управа бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше 307, додека на крајот на 2013 година изнесуваше 334.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Bulgari, Luxell, Unitas, Bose Shaun the Sheep, Beats B и Beats By Dr. Dre.**

Во периодот јануари – март 2014 година во **39** акции, привремено се задржани **126.437** (во споредба со истиот период од 2013 година 174.505) парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | Вид на производи | Ед. мерка | 2013 | | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q 1 | Вкупно | Јануари | Февруари | Март | Вкупно |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани | Парче | 1,663 | 17,960 | 154 | 100 | 1,360 | 1,614 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 2,708 | 36,321 | 1,290 | 3,340 | 160 | 4,790 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 3,354 | 19,041 | 14,776 | 83,119 | 2,448 | 100,343 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и | Парче | 313 | 10,745 | 191 | 2,862 | / | 3,053 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 13,900 | 18,662 | / | / | / | / |
| 6 | Лекови | Парче | | 80 | / | / | / | / |
| 7 | Друго | Парче | 152,567 | 230,990 | 1,925 | 2,671 | 12,041 | 16,637 |
| | **Вкупно** | | **174,505** | **333,799** | **18,336** | **92,092** | **16,009** | **126,437** |

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на 2014 година, под карински надзор **беа уништени 7.344 парчиња фалсификувана стока** (4.212 парчиња козметички производи, 1547 парчиња текстилни производи, 1.018 пара спортски обувки, 170 пара обувки, 137 парчиња електронски уреди, 25 парчиња мобилни телефони, 7 парчиња модни додатоци и 228 парчиња детски шаторчиња и коцки сложувалки).

## Односи со јавноста

Во првиот квартал од 2014 година, Царинската управа ја финализираше кампањата што ја започна во декември 2013 година, за време на која презентирани беа новините при вршење инспекциски надзор во царинските постапки. Се реализираше и кампања за борба против наркотрговијата низ средните училишта во поголемите градови од државата. Во истиот периодот објавени беа 4 интервјуа со директорот на Царинска управа, одржани се девет прес конференции, до медиумите испратени се 28 соопштенија за заплени на дрога, девизи, фалсификувана стока, прекршочни и кривични пријави и одговорено е на 21 новинарско прашање.

### Позначајни настани

#### Донација на запленетата стока на социјално ранливите категории




Во јануари 2014 година Царинската управа во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенција за управување со одземен имот ја реализираше првата акција на донирање на одземена фалсификувана стока (облека и обувки) на социјално загрозените категории. Со измените на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост од мај 2013 година, се овозможи одземената фалсификувана стока да биде донирана.

#### Царинската управа започна кампања за борба против наркотрговијата



На 17 февруари 2014 година Царинската управа започна кампања за последиците од неовластено производство, трговија и конзумирање на дрога. Целна група на оваа кампања беа младите луѓе, како група која е најранлива и со која најмногу може да се манипулира. Кампањата започна со презентација од стручни лица на Царинската управа пред учениците од СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, а продолжи со презентации во уште две средни училишта во Скопје и во средни училишта во Битола, Гевгелија, Штип и Куманово. Целта на кампањата беше да се делува превентивно и едукативно врз младата популација. Покрај тоа што

средношколците се запознаа со последиците од конзумирање и криумчарење на дрога, пред нив беа претставени вештините и дел од опремата со кои располагаат царинските службеници, а имаа и можност практично да ја видат улогата на царинските кучиња при откривање на дрога.

### Започна реконструкција на управната зграда на граничен премин Богородица



На 21 февруари 2014 година беше одбележано започнувањето на изведбата на градежни работи за реконструкција на управната зграда на граничниот премин Богородица. Проектот „BORDER IN“ е дел од Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 од Инструментот за предпристапна помош (ИПА) финансиран од страна на Европската унија и финансиско учество на Владата на Република Македонија. Средствата од програмата ќе се користат за подобрување на објектите на Граничниот премин Богородица, како и поставување на опрема за регулирање на сообраќајот – електронски рампи. Реализацијата на предвидените активности на граничниот премин ќе придонесе кон поголема функционалност, заштеда на средства за тековно одржување и функционирање на објектите, како и осовременување и зголемен квалитет на услугите за вработените и патниците – корисници на граничниот премин.

### Официјален почеток на националната примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем



На 1-ви март 2014 година, официјално започна употребата на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) на национално ниво. Воспоставениот систем, според стандардите на ЕУ, во царинското работење овозможи употреба на напредни компјутерски системи, употребата на електронска транзитна декларација, спроведување на формалностите единствено со разменување на електронски пораки и електронска обработка на податоци. Поднесувањето на царинската декларација, исклучиво по елетронски пат, се врши преку интернет страната на Царинската управа што е погодност за оператори со мал обем на операции, но за операторите со голем обем овозможено е поврзување преку сопствено софтверско решение.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## *Интернет и интранет*

Во текот на првиот квартал 2014 година страницата е посетена од вкупно 52.693 корисници. Од страна на корисниците испратени се вкупно 351 прашања, жалби и сугестии, а одговорено е на 185 прашања. Во првиот квартал 2014 година на интернет страницата објавени се 107 содржини.На интранет порталот на Царинската управа во првиот квартал 2014 објавени се 254 информации.

## *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) во период јануари-март 2014 година добиени се вкупно 3.714 повици, или во просек 41 повик на ден и тоа:„А“[13]класа – вкупно 11 повици, „Б“[14]класа – вкупно 11 повици, „С“[15]класа - вкупно 159 повици и „Ј“[16]класа – вкупно 25 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на споведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

## *Граѓански дневник*

Во првиот квартал од 2014 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен 646 пати**. Во периодот јануари - март 2014 година поставено е едно прашање преку системот на Граѓански дневник (www.uslugi.gov.mk) кое е соодветно одговорено.

## *Слободен пристап до информации*

Во првиот квартал од 2013 година, во Царинската управа се примени 6 барања за пристап до информации од јавен карактер, од кои на 3 беше доставен соодветен одговор согласно Законот кој ја регулира оваа област, а 3 беа препратени до институциите иматели на информациите.

---

[13]„А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .

[14] „Б“ класа се информации кои барааат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.

[15]„С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

[16]„Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

# *Царинска соработка*

## *Соработка со бизнис заедницата*

### *Советодавно тело*



Царинската управа на Република Македонија во соработка со Советодавното тело, Стопанска комора и државните инспекциски служби ја финализираа кампањата за презентирање на новините при вршење инспекциски надзор во царинските постапки која изминатите два месеци ја организираше низ поголемите градови на Република Македонија. Во рамки на оваа кампања се одржаа вкупно 5 работилници и тоа во Скопје, Битола, Струмица, Штип и Гостивар, на кои присуствуваа претставници на околу 150 компании. На одржаните работилници се дискутираше на теми поврзани со можностите за олеснување и поедноставување на инспекцискиот надзор при царинските постапки. Одзивот и поддршката од бизнис заедницата за време на кампањата, ја потврдија потребата за континуирано организирање на настани од ваков тип каде со непосредна комуникација помеѓу претставниците од Царинската управа и стопанствениците ќе се дискутираат најактуелните теми од секојдневното работење, со што превентивно би се делувало пред настанување на евентуални проблеми.



Во првиот квартал од 2014 година Советодавно тело одржа два состаноци. Првиот од нив беше одржан на 10 јануари кој беше посветен на презентирање на предлог Акциониот план на Царинската управа за 2014 година, во делот на поедноставување и забрзување на царинските постапки, преку понатамошно усогласување на постоечката регулатива и интерните упатства со регулативата и стандардите на ЕУ. На вториот состанок одржан на 24 февруари 2014 година беше презентирано официјалното започнување на примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), со посебен акцент на обврските на корисниците и придобивките за царинската служба и бизнис заедницата.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Семинари за новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС)*

Со цел запознавање на економските оператори со измените кои што ги носи Новиот компјутеризиран транзитен систем, Царинската управа во февруари 2014 година започна со одржување на еднодневни семинари наменети за главните обврзници, имателите на одобренија за поедноставени постапки во транзит (овластен примач и овластен испраќач), превозниците, компаниите кои настапуваат како гаранти, компаниите ангажирани во производството на софтвер за царинските постапки (НКТС) и другите учесници во транзитната постапка. Учесниците на семинарите имаа можност да се запознаат со тоа што претставува Новиот комјутеризиран транзитен систем, како истиот ќе се применува при спроведување на националната транзитна постапка, потоа со структурата и содржината на електронската транзитна декларација, начинот на спроведување на формалностите во појдовната и одредишната испостава во редовна и поедноставена постапка, начинот на користење и раздолжување на гаранциите, завршување и раздолжување на транзитната постапка, а презентирано беше и практичното користење на овој систем.

## *Меѓуинституционална соработка*

### *Потпишан Меморандум за соработка со државен инспекторат за транспорт и Капетанија на пристаништата - Охрид*



На 10 јануари 2014 година, Царинската управа на Република Македонија потпиша Меморандум за соработка со Државен инспекторат за транспорт и Капетанија на пристаништата – Охрид при Министерство за транспорт и врски. Со потпишувањето на Меморандумот со Државниот инспекторат за транспорт, преку напреден систем на размена на податоци помеѓу институциите, ќе се овозможи значајно подобрување при спречување на кршење на царинското законодавство со што би се спречило нанесување штета на економските, трговските, фискалните, општествените и културните интереси на Република Македонија. Меморандумот за меѓусебна соработка помеѓу Царинска управа и Капетанија на пристаништата – Охрид, предвидува повеќе законски одредби меѓу кои и одредби од Законот за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓудржавна патничка бродска линија Охрид - Подградец.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Потпишан Анекс на Договорот меѓу Царинската управа и АМЕРИТ - олеснета работата на економските оператори*



На 13 февруари 2014 година, директорот на Царинска управа и управителот на СИЗ Македонија Сообраќај – АМЕРИТ потпишаа Анекс на договорот за соработка помеѓу двете институции. Царинската управа и СИЗ Македонија сообраќај - АМЕРИТ заедно се вклучени во постапката на издавање и проверка на TIR карнети, каде АМЕРИТ се јавува во својство на национален гарант и издавач на TIR карнети. Со потпишувањето на Анексот, АМЕРИТ обезбеди дополнителна гаранција со која овозможи наплата на евентуално избегнатите давачки до износ од 60 илјади евра, наместо до 50 илјади долари согласно претходниот договор. За економските оператори и превозници овозможи дополнителна можност бидејќи под покритие на TIR системот им се даде можност да превезуваат стока со повисока вредност, односно стока за која пресметаните давачки се во висина до 60 илјади евра.

## *Меѓународна соработка*

### *Одржана регионална работилница за царинска вредност на ЦЕФТА земјите*



Во организација на Царинската управа на Република Македонија и TAIEX програмата, а согласно предвидената програма за работа на CEFTA Подкомитетот за царина и правила за потекло, на 5 до 6 февруари во Скопје се организираше Регионална работилница за царинска вредност. Целта на работилницата беше воведување на правото на Европската унија и праксите за царинска вредност заради превентивно делување на декларирање на стоки со пониска вредност. На работилницата учествуваат делегати од сите земји членки на CEFTA (Македонија, Србија, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Молдова, и Црна Гора).

### *Презентација и работен состанок за запознавање со Интегрираната тарифа на ЕУ*

Во периодот од 12 до 13 март 2014 година во Скопје, на покана од Царинска управа на Република Македонија, престојуваше г. Ренато Лазарони началник на Одделението за

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

TARIC во рамките на Генералниот директорат за даноци и Царинска унија во Комисијата на Европската унија во Брисел. На 12 март г-динот Лазарони одржа презентација преку која царинските службеници поблиску се запознаа со Интегрираната тарифа на ЕУ (TARIC), неговата структура, базата на податоци и начинот на нивното управување. Во рамки на овој настан, на 13 март беше одржан работен состанок со царинските службеници од Проектниот тим на Царинската управа, кои се вклучени во Проектот за имплементација на Интегрирана тарифна околина во Република Македонија. За време на овие состаноци беа разменети корисни искуства и притоа беше констатирано дека Проектот за имплементација на Интегрирана тарифна околина во Република Македонија се одвива со предвидената динамика и квалитет.